СО ДИЈАЛОГ КОН ЕУ

СОЦИО-ЕКОНОМСКИТЕ МЕРКИ ВО УГОСТИТЕЛСКИОТ СЕКТОР ВО ВРЕМЕ НА ПАНДЕМИЈАТА КОВИД-19

Транспарентноста, искористеноста и влијанието на мерките и нивната одржливост

Проектот е финансиран од Европска Унија

ЕУ со ТЕБЕ

FOUNDATION OPEN SOCIETY MACEDONIA ФОНДАЦИЈА ОТВОРЕНО ОПШТЕСТВО МАКЕДОНИЈА

Center for Civil Communications Центар за граѓански комуникации

РЕАКТОР истражување во акција

ЕВРОТИНК ЦЕНТАР ЗА ЕВРОПСКИ СТРАТЕГИИ CENTER FOR EUROPEAN STRATEGIES EUROTHINK

Социо-економските мерки во угостителскиот сектор во време на пандемијата КОВИД–19

Транспарентноста, искористеноста и влијанието на мерките и нивната одржливост

Ива Михајловска

Социо-економските мерки во угостителскиот сектор во време на пандемијата КОВИД-19
Транспарентноста, искористеноста и влијанието на мерките и нивната одржливост

ИЗДАВАЧ:

Фондација Отворено општество – Македонија

ЗА ИЗДАВАЧОТ:

Фани Каранфилова – Пановска, извршна директорка

АВТОР:

Ива Михајловска

УРЕДНИЦИ:

Нада Наумовска

Сандра Анастасовска Кузмановски

Данче Даниловска – Бајдевска

ГРАФИЧКА ПОДГОТОВКА:

Бригада Дизајн

ЛЕКТУРА И ПРЕВОД:

Абакус

CIP - Каталогизација во публикација

Национална и универзитетска библиотека «Св. Климент Охридски», Скопје

640.4:[616.98:578.834:364(497.7)(047)

640.4:[616.98:578.834:330(497.7)(047)

МИХАЈЛОВСКА, Ива

Социо-економските мерки во угостителскиот сектор во време на пандемијата Ковид-19 [Електронски извор] : транспарентноста, искористеноста и влијанието на мерките и нивната одржливост / Ива Михајловска. - Скопје : Фондација Отворено општество - Македонија, 2021

Начин на пристапување (URL): https://eur01.safelinks.protection.outlook.com/?url=https%3A%2F%2Fwww.dijalogkoneu.mk%2F&data=04%7C01%7C%7C4fd360c0f7e642c51cab08d967aaa9c8%7C6dd6692964ee4888a65ab847baf12c47%7C0%7C0%7C637654804965847636%7CUnknown%7CTWFpbGZsb3d8eyJWIjoiMC4wLjAwMDAiLCJQIjoiV2luMzIiLCJBTiI6Ik1haWwiLCJXVCI6Mn0%3D%7C1000&sdata=Bw29KwYPnRxFv53hwrUeMOf%2FfCkat86QFmedljCJPns%3D&reserved=0. - Текст во PDF формат, содржи 57 стр. - Наслов преземен од екранот. - Опис на изворот на ден 25.08.2021. - Фусноти кон текстот

ISBN 978-608-218-337-4

а) Угостителски сектор -- Ковид-19 -- Пандемија -- Социо-економски мерки -- Македонија -- Истражувања

COBISS.MK-ID 54744325

„Оваа публикација е изработена со финансиска поддршка од Европската Унија. Содржината на публикацијата е единствена одговорност на авторот и не ги одразува ставовите на Европската унија.”

Борбата со Ковид 19 ќе биде долготрајна каде за да победиме ќе биде потребен кохерентен системски пристап. Тоа што започнува како здравствена криза многу брзо има образовни и социо-економски импликации врз општеството. Па оттаму доаѓа потребата да се подготват Извештаите за следење на усвоените мерки за справување со кризата предизвикана од појавата на вирусот Ковид-19 и нивното влијание врз секторите здравство, образование и социо-*економски политики на национално и локално ниво* кои нема да се фокусираат само на еден сектор туку ќе придонесат кон креирање на сеопфатни системски решенија.

Дури и во време на вонредна состојба граѓаните треба да се во центарот на справувањето со кризата, додека соодветните решенија мора да се носат на ниво на заедница. Граѓанските организации се најблиску до заедницата, посебно имајќи ги предвид маргинализираните групи. Со цел да се создаде најсоодветен одговор на состојбата предизвикан од пандемијата, граѓанските организации се поттикнати да ги вмрежуваат своите капацитети и да се само-организираат во рамките на структурниот дијалог на локално и национално ниво. Токму затоа Проектот „Дијалог со граѓанските организации – Платформа за структурно учество во ЕУ интеграциите, кој е поддржан од Европската Унија, објави повик за изработка на 6 извештаи за следење на усвоените мерки за справување со кризата предизвикана од појавата на вирусот Ковид-19 и нивното влијание врз секторите здравство, образование и социо-економски политики на национално и локално ниво. Целта на истражувањата е да ги идентификува влијанијата и да ја процени соодветноста на мерките донесени од Владата на РСМ за време на вонредната состојба; да ги поддржи истражувачите и граѓанските организации кои работат на локално и национално ниво; да ги зголеми информациите базирани на докази и да ги зајакне капацитетите на граѓанските организации да учествуваат во секторските политики во услови на криза и за крај да го зајакне и промовира структурниот дијалог помеѓу институциите и граѓанскиот сектор.

Веруваме дека доверливи институции, информирани, консултирани и свесни граѓани и граѓански организации може да го редизајнираат пристапот, да ја проценат кризата и да го предвидат закрепнувањето. Гледајќи низ призмата на влијанието од спроведените политики, оваа публикација е придонес кон намалување на последиците од Ковид 19 кризата врз граѓаните.

Проектот "Дијалог со граѓанските организации – Платформа за структурно учество во ЕУ интеграциите" е спроведуван од Фондација Отворено општество – Македонија во партнерство со партнерство со Центарот за граѓански комуникации (ЦГК) Центар за европски стратегии – Евротинк и Реактор - истражување во акција а финансиски поддржан од Европската Унија.

Една од основните цели на проектот е зголемување на влијанието на граѓанските општество во процесот на пристапување на државата кон ЕУ, преку креирање на јавни политики базирани на докази и преку подготовка на документи за јавни политики за клучните секторски и реформски политики во процесот на пристапување кон ЕУ. Повеќе информации за проектот на www.dijalogkoneu.mk

СОДРЖИНА

1. Вовед	**5**
2. Ограничувања на анализата	**8**
3. Методологија	**9**
4. Почетни состојби: Влијанија и ефекти	**11**
5. Преглед на мерките: Уредби со законска сила од значење за социо-економската област во време на пандемијата со КОВИД–19	**14**
6. Анализа на влијанието на политиките и мерките на Владата за справување со пандемијата во социо-економскиот сектор	**17**
7. Придонесот и гледиштата на независните актери – граѓански организации и национални синдикати	**31**
7.1 Улогата на Сојузот на стопанските комори	**38**
8. За влијанието на мерките врз угостителско-туристичките објекти и нивната одржливост	**41**
Секција 1: Транспарентност на социо-економските мерки	**41**
Секција 2: Искористеност на социо-економските мерки	**47**
Секција 3: Ефекти од социо-економските мерки	**52**
9. Завршни согледувања	**56**

1 ВОВЕД

Здравствената криза поврзана со ширењето на коронавирусот ги погоди општествата и националните економии на глобално ниво, предизвика нееднаквости меѓу земјите и направи разликите во однос на социо-економската состојба на граѓаните во самите земји да бидат сè повидливи. Влијанието на кризата и нивото на заштита од ризици од страна на државата, истовремено ги влоши и ги поларизираше разликите. Овој феномен е забележан на различни нивоа во Европа, а следствено на тоа и во Република Северна Македонија[1].

Првиот елемент што треба да се забележи во овој контекст е централната улога на државата во управувањето со вонредната состојба. Ова е видливо пред сè преку усвојувањето на мерките за здравствена заштита и јавниот ред и преку краткорочни економски мерки за заштита и стимулација на побарувачката (особено монетарни трансфери) и поддршка за снабдување (зачувување на производниот капацитет на компаниите и вработувањето).

За да се дозволи усвојувањето на овие мерки во Европа, за првпат во историјата на ЕУ, беше договорена суспензија на Пактот за стабилност, со цел да се надминат ограничувањата на дефицитот / БДП и долгот, а со тоа да се зголемат јавните трошоци и да заживее економијата. Оваа мерка ја надминува одлуката, објавена во почетокот на март, да не се бележат трошоците насочени кон коронавирусот за целите на дефицитот.[2]

Кризата веќе се претвори во шок за економијата и за пазарите на трудот, при што влијаеше не само на понудата (производството на стоки и услуги), туку и на побарувачката (потрошувачката и инвестициите). Сите компании, без оглед на големината, се соочуваат со сериозни предизвици, особено оние во воздухопловната, туристичката и угостителската индустрија, со реална закана за значителен пад на приходите, несолвентност и загуба на работни места во одредени сектори. Одржувањето на деловното работење ќе биде особено тешко за малите и за средните претпријатија. По

1 Меѓународна организација на трудот. „КОВИД–19 и светот на работата: влијанија и мерки“. 2020. Пристапено на https://www.ilo.org/wcmsp5/groups/public/—europe/—ro-geneva/—sro-budapest/documents/briefingnote/wcms_744850.pdf

2 Европска комисија. „Институционален извештај за економскиот развој“. 2020. Пристапено на https://ec.europa.eu/info/sites/info/files/economy-finance/ip121_en.pdf

забраните за патувања, затворањето на границите и карантинските мерки, многу работници не можат да стасаат до своето работно место или да ја вршат својата работа, што има домино-ефект врз приходите, особено за неформалните и за привремените работници.[3]

Потрошувачите во многу економии не се во можност или не сакаат да купуваат стоки и услуги. Со оглед на сегашната ситуација на неизвесност и страв, претпријатијата веројатно ќе ги одложат инвестициите, набавките на стоки и ангажирањето работници. Перспективите на економијата и квантитетот и квалитетот на вработеноста забрзано се влошуваат. Иако најновите прогнози значително се разликуваат и во голема мера ја потценуваат ситуацијата, сите тие укажуваат на значително негативно влијание врз глобалната економија, барем во првата половина на 2020 година. Овие загрижувачки бројки сè повеќе навестуваат глобална економска рецесија, која патем беше и објавена во првиот квартал од 2021 година.[4]

Потребни се брзи и координирани мерки во политиките на национално и на глобално ниво, со силно мултилатерално лидерство, за да се ограничат директните влијанија на КОВИД–19 врз здравјето на работниците и нивните семејства и, истовремено, да се ублажат индиректните економски последици на глобално ниво. Притоа, главен приоритет е заштитата на работниците и нивните семејства од ризикот од заразување. Мерките, од страна на побарувачката, за заштита на оние кои се соочуваат со загуби на приходи поради заразеност или намалена економска активност, се клучни за стимулирање на економијата. Заштитата на приходите, исто така, доведува до помало обесхрабрување на работниците да пријавуваат потенцијален пренос на вирусот, особено кај работниците со ниски приходи и кај групите работници кои се веќе во неповолна положба.[5]

Епидемијата и економските кризи имаат несразмерно влијание врз одредени сегменти на населението, што може да предизвика зголемување на нееднаквоста. Врз основа на досегашното искуство и тековните информации за пандемијата на КОВИД–19 и сознанијата од претходните кризи, најизложени на ризик се лицата со веќе постоечки здравствени состојби, младите лица кои се соочуваат со повисоки стапки на невработеност и недоволна вработеност, жените кои работат во повеќе

3 Светка банка. „Соопштение за длабока рецесија во Западен Балкан“. Пристапено на https://www.worldbank.org/en/news/press-release/2020/10/22/recession-deepens-as-КОВИД-19-pandemic-threatens-jobs-and-poverty-reduction-in-western-balkans

4 Обединети нации. Оддел за економски и социјални политики. Економска анализа. Пристапено на https://www.un.org/development/desa/dpad/publication/world-economic-situation-and-prospects-february-2021-briefing-no-146/

5 Краток истражувачки извештај. „Ефектите на КОВИД врз глобалната економија“. Меѓународна организација на трудот.Пристапено на https://www.ilo.org/wcmsp5/groups/public/—dgreports/—inst/documents/publication/wcms_746917.pdf

погодени сектори (како што е услужниот сектор и здравствената дејност итн.)[6], незаштитените работници (самовработените, привремените и хонорарните работници), бидејќи немаат пристап до механизмите за платено отсуство или боледување, како и сезонските работници, кои се особено чувствителни на влијанието на кризата на КОВИД–19 затоа што таа ќе им ја ограничи можноста за пристап до работните места во земјава.

Со цел да се справи со кризата со КОВИД–19, Владата на Република Северна Македонија донесе пет пакета економски мерки за задржување на ликвидноста на компаниите и работните места. Нивното креирање, според информациите коишто ни се достапни, е преку процес на широка консултација и суштинска дебата со членовите на Економскиот совет, формиран токму за оваа цел. Дополнително, направени се и консултации со деловната заедница, преку стопанските комори и во разговори со одделни познавачи на економијата од академската сфера и со успешните стопанственици од реалниот сектор.[7] До почетокот на истражувачкиот период, Владата на РСМ објави 57 економско-социјални мерки.[8]

Во ова истражување, ќе се осврнеме на влијанието на транспарентноста, искористеноста и ефектите на донесените владини мерки врз стопанството, поточно во угостителско-туристичкиот сектор, ќе го претставиме придонесот на независните чинители, како граѓанските организации, националните синдикати и бизнис секторот, а исто така ќе дадеме предлог на релевантните уредби со законска сила кои се однесуваат на социо-економските политики.

Оваа анализа е направена со поддршка на Фондацијата Отворено општество – Македонија во рамките на проектот „Дијалог со граѓанските организации – Платформа за структурно учество во ЕУ-интеграциите“, финансиран од Европската Унија, и се надеваме дека тој ќе придонесе кон изнаоѓање соодветни решенија за надминување на здравствената и социо-економската криза предизвикана од пандемијата КОВИД –19.

6 Според проценките на МОТ, 58,6 % од вработените жени работат во услужниот сектор ширум светот, наспроти 45,4 % од мажите. Жените, исто така, поретко имаат пристап до социјалната заштита и ќе сносат несразмерен товар во економијата на грижа, во случај на затворање на училиштата или системите за грижа (МОТ, 2018)

7 Влада на Република Северна Македонија. Пристапено на https://vlada.mk/ekonomski-merki-covid19

8 Влада на Република Северна Македонија. Приспапено на https://vlada.mk/ekonomski-merki-covid19

2 ОГРАНИЧУВАЊА НА АНАЛИЗАТА

Анализата за влијанието на социо-економските мерки врз угостителско-туристичкиот сектор беше спроведена во периодот кога угостителите работеа со ограничено време (полициски час од 21.00 часот). Голем број угостители на кои истражувачкиот тим им пристапи за да ги интервјуира, дадоа своја согласност и ги споделија своите искуства, но сепак дел од нив одбија да дадат интервју. Сепак, истражувачкиот тим смета дека добиените информации ја отсликуваат реалната состојба за влијанието на социо-економските мерки на Владата врз угостителско-туристичкиот сектор.

Поради работни обврски на дел од интервјуираните актери (како националните синдикати и Стопанската комора), истражувачкиот тим дојде до информации по писмен пат.

Прибирањето податоци од страна на државните институции претставуваше предизвик. Нецелосните одговори, нивното задоцнето пристигнување и препраќањето на поднесените барања за добивање информации од јавен карактер до другите институции ја одложи анализата за одреден временски период. Препраќањето и задоцнувањето на бараните одговори, како и недостигот на сеопфатни одговори и прецизни податоци, како и бројот на компаниите кои го задржале или го намалиле својот број на вработени, беше оневозможено.

Ваквата состојба, иако и претходно е забележана од страна на повеќе меѓународни и национални организации, делумно се должи на ротирачкиот систем на работа на државните институции, како и на отсуството на интегриран електронски систем за следење на податоците со кои оперираат надлежните институции.

Наведените ограничувања уште еднаш го покажаа огромното влијание на пандемијата КОВИД –19 врз целокупното функционирање на државните институции - на централно и на локално ниво.

3 МЕТОДОЛОГИЈА

Целта на ова истражување е да се идентификува и да се процени соодветноста на мерките донесени од Владата на РСМ за време на вонредната состојба во услови на КОВИД–19 врз угостителско-туристичкиот сектор.

Резултатите од истражувањето имаат за цел да се обезбедат повеќе информации, да се зајакнат капацитетите на граѓанските организации да учествуваат во следењето на социо-економските политики во услови на кризата предизвикана поради вирусот КОВИД–19 и да го зајакнат и промовираат структурниот дијалог меѓу институциите и граѓанскиот сектор.

Посебен фокус во рамките на истражувањето е транспарентноста на мерките донесени за угостителско-туристичкиот сектор, релевантноста на донесените мерки, како и ефектите од тие мерки. Истражувачкиот тим го измери и степенот на учеството на граѓанските организации, синдикатите и бизнис-секторот во креирањето на социо- економските политики во услови на криза.

Методолошки алатки што се користени за целите на ова истражување се:

1. Преглед на мерките донесени од страна на Владата на РСМ за време на пандемијата КОВИД- 19 и нивното влијание врз социо-економските политики;
2. Барање информации од јавен карактер од Министерство за труд и социјална политика, Министерство за економија, Агенцијата за вработување и од Управата за јавни приходи за опфатот на граѓаните и компаниите со социо-економските мерки;
3. Длабински интервјуа со претставници на граѓанските организации и претставници на бизнис-секторот, и
4. Длабински интервјуа со сопствениците на угостителско-туристичките објекти во три региони во РСМ: Полошкиот Регион, Југоисточниот Регион и Југозападниот Регион.

Примарните податоци во ова истражување се собрани преку преглед на уредби со законска сила, на дел од донесените мерки и барање информации од јавен карактер до надлежните државни институции (Министерството за труд и социјална политика, Министерството за економија, Агенцијата за вработување и Управата за јавни приходи). Понатаму, беа спроведени длабински интервјуа прикажани во табелата подолу:

Алатка	Број на спроведени интервјуа	Целна група
Длабински интервјуа	2	Граѓански организации
	1	Национален синдикат
	1	Сојуз на стопански комори
	9	Сопственици на угостителско-туристички објекти (Југоисточен, Полошки и Југозападен Регион

За спроведување на длабинските интервјуа беа изработени водичи за дискусија соодветни на целната група. Водичите содржеа отворени прашања на кои дискутираа таргетираните учесници во истражувањето. Податоците се собираа во периодот од 1.2.2021 до 31.3.2021 година.

Како секундарни извори при изработката на студијата беше користена и дополнителна релевантна литература поврзана со угостителскиот сектор и КОВИД–19 кризата, како и податоци од извештаите на релевантните организации и институции - национални и домашни.

Паралелно со националното истражување за влијанието за социо-економските мерки на Владата врз секторот се спроведе и локално теренско истражување за влијанието на тие мерки врз угостителите во Скопскиот Регион. Локалното истражување е студија на случај и го претставува реалното влијание на мерките и начинот на кој се справиле угостителите за време на првите 10 месеци од пандемијата КОВИД–19.

4 ПОЧЕТНИ СОСТОЈБИ: ВЛИЈАНИЈА И ЕФЕКТИ

Првиот случај со коронавирус во Северна Македонија е регистриран на 26 февруари 2020 година.[9] Две недели подоцна се затворија копнените граници, се објави затворање на аеродромите, се забранија сите јавни настани и се прекина наставата во образовните институции, што може да се смета како прва владина реакција на епидемијата насочена кон спречување на ширењето на вирусот. Дотогаш, во земјата се потврдени девет позитивни случаи.[10]

Избувнувањето на пандемијата и првичната владина реакција дојде во време кога земјата имаше привремена или техничка Влада, со единствен мандат да организира фер и демократски избори, кои беа закажани за 12 април 2020 година. Ова значеше дека земјата нема функционален парламент. До средината на март стана јасно дека Владата мора да реагира на КОВИД–19. Во тој период беше неизбежно потребно да се прогласи вонредна состојба, а тоа го стори претседателот на Северна Македонија на 18 март 2020 година.[11] Во однос на моќта на законодавството, ова значеше дека Владата има мандат да донесува уредби со законска сила, со кои на крајот обезбеди ефективен начин за брза реакција на ситуацијата (инаку, процедурите за донесување закони во парламентот траат доста подолго).

Првичниот одговор на Владата и на граѓанското општество на состојбата со КОВИД–19 главно беше насочен кон здравјето, со цел да се спасат животите на луѓето. Преземените мерки - следење на контактите, третман, самоизолација, ограничување на движењето и држење физичко растојание - постепено дадоа резултати. До почетокот на мај, вниманието, слично како и во другите земји во Европа и во регионот, постепено се насочи

9 Влада на Република Северна Македонија: Пациентката со констатиран коронавирус е во добра состојба, под медицинска контрола, а во изолација се сите други патници кои патувале со истото возило. Пристапено на https://vlada.mk/node/20330

10 Министерство за здравство: Регистрирани се 9 нови случаи на коронавирус во земјата – вкупно 85 дијагностицирани пациенти. 21.3.2020. Пристапено на http://zdravstvo.gov.mk/sostojbata-do-12-00-chasot-registrirani-9-novi-sluchai-na-koronavirus-vo-zemjata-vkupno-85-dijagnosticirani-pacienti

11 Влада на Република Северна Македонија: Донесена е уредба со законска сила за прашањата поврзани со изборите за пратеници во Собранието на Република Северна Македонија на 15 јули 2020 година. Пристапено на https://vlada.mk/node/21766

кон управување со транзицијата, омекнување на рестриктивните мерки и среднорочно и долгорочно закрепнување.

Сепак, новите инфекции продолжија да растат во текот на летото и на крајот на септември 2020 година земјата имаше 17.977 случаи.[12] Во почетокот на октомври се забележа значително забрзување на нови случаи што доведе до повторно наметнување на некои мерки за спречување на ширењето, како задолжително носење маски на отворено, забрана за трговците на мало за работа преку ноќ, а се разгледуваше и мерката за повторно воведување полициски час.

Во првиот бран на КОВИД–19, секторите каде што има многу контакти (баровите, кафулињата, ресторанте и обложувалниците) беа затворени со одлука на Владата и останаа затворени до почетокот на мај.[13] Оттука, туризмот, угостителството и трговијата се сектори кои беа директно и најтешко погодени од кризата. И покрај затворањето на границите, коридорите за меѓународна трговија беа брзо воспоставени, но трговијата во секој случај беше значително прекината. Особено сериозно беа погодени компаниите кои се дел од меѓународниот синџир. Потрошувачите ја зголемија потрошувачката на производите за задоволување на неопходните потреби и има ограничени можности за акумулација на залихите, додека потрошувачката на производите кои не се неопходни се намали, а заштедите од претпазливост се зголемија.

Како реакција на ширењето и ужасните последици од КОВИД–19, Владата објави четири пакети економски мерки - на 19 март, 31 март, 17 мај и на 27 септември 2020 година.[14] Тие беа составени од голем број мерки кои, грубо, можат да се класифицираат како *мерки за заштеда на приходите*, *мерки за поддршка на компаниите* и *други мерки*. Мерките за заштеда на приходите ја вклучуваа клучната мерка за исплата на финансиска поддршка на работниците во компаниите кои доживеаја пад на приходите, надминувајќи 30 % годишно, во април и мај 2020 година, од 14.500 МКД по работник (минимална нето-плата), која првично беше распоредена за април и за мај, а потоа се прошири и за јуни 2020 година.[15] Другите мерки

12 Влада на Република Северна Македонија: Регистрирани се 194 нови случаи на КОВИД–19 – вкупната бројка дијагностицирани е 17.977 Оздравени се 158 пациенти – починати се 2 лица. Пристапено на https://vlada.mk/node/22676

13 Влада на Република Северна Македонија: Одлука за мерки за спречување на внесување и ширење на коронавирусот КОВИД–19, со која сите нејзини мерки добиваат правна основа за нивно спроведување. Пристапено на https://vlada.mk/node/20489

14 Влада на Република Северна Македонија. Од 6–тата седница на Владата: Усвоен четвртиот сет економски мерки за ревитализирање на економијата во услови на КОВИД–19. 28.9.2020. Пристапено на https://vlada.mk/node/22632

15 Министерство за труд и социјална политика. Уредба со законска сила за примена на Законот за минимална плата во Република Северна Македонија за време на вонредна состојба. „Службен весник на РСМ“ бр. 88/20. Пристапено на https://mtsp.gov.mk/content/pdf/dokumenti/2020/1.pdf

во овој сет вклучуваа: субвенција на социјалните придонеси во износ од 50 % за најтешко погодените сектори[16], релаксирање на критериумите за добивање гарантиран минимален приход (клучна политика за социјална помош)[17], релаксација на критериумите за добивање надоместок за невработеност[18] и еднократна финансиска поддршка на нископлатените работници, невработените и студентите.[19]

Мерките за поддршка на компаниите вклучуваат: одложување на плаќањето на даночните аванси, две шеми заеми со ниска камата преку Развојната банка, државна помош за набавка на опрема, државни гаранции (кои сè уште не беа распоредени), грантови за најтешко погодените компании во туризмот и во угостителството итн. Мерките на политиките се фокусираат на две непосредни цели: мерки за здравствена заштита и мерки за економска поддршка на побарувачката и на понудата.

Овие мерки не само што ги штитат претпријатијата и работниците од непосредни загуби на работните места и на приходите, туку и помагаат да се спречат шокови во синџирот на снабдување (на пример, загуби во производните капацитети на работниците) и шокови во побарувачката (на пример, инхибирање на потрошувачката кај работниците и нивните семејства), што може да доведе до продолжена економска рецесија. Со оглед на тоа што кризата брзо се развива, од клучно значење е внимателно да се следат директните и индиректните ефекти од сите интервенции, за да се осигури дека мерките на политиките се, но и ќе останат релевантни.

Градењето сигурност преку доверба и дијалог е клучно за делотворноста на мерките и на политиките. Во време на зголемена социјална напнатост и недостиг на доверба во институциите, потребно е заживување на механизмите на социјалниот дијалог, со што би се создала силна основа за зајакнување на заложбата на работодавачите и на работниците за заедничко дејствување со Владата.

16 Уредба со законска сила за субвенционирање на исплатата на придонеси од задолжителното социјално осигурување за време на вондредна состојба, „Службен весник на РСМ“ бр. 92/2020 и 116/2020

17 Бајрактар и Шкријељ: Редовно се исплатува загарантираната минимална помош, за најранливите олеснет влез во системот на социјална заштита. 6.5.2020. Пристепано на https://vlada.mk/node/21308

18 МТСП: Паричен надоместок за прекин на работниот однос, согласно работниот стаж, преку Агенцијата за вработување. Информација за мерка бр.4. Пристапено на https://www.mtsp.gov.mk/covid-19-ns_article-mtsp-paricen-nadomestok-za-prekin-na-raboten-odnos-soglasno-rabotniot-staz-preku-agencijata-za-vrabo.nspx

19 Уредбата со законска сила за финансиска поддршка на граѓаните и вработените лица со низок доход, младите лица и здравствените работници преку издавање домашна платежна картичка наменета за купување македонски производи и услуги за време на вонредна состојба. „Службен весник на РСМ“ бр. 137/2020. Пристапено на. https://www.slvesnik.com.mk/Issues/9f80e42f7ba941e69fc6593116e26eb8.pdf

5 ПРЕГЛЕД НА МЕРКИТЕ: УРЕДБИ СО ЗАКОНСКА СИЛА ОД ЗНАЧЕЊЕ ЗА СОЦИО-ЕКОНОМСКАТА ОБЛАСТ ВО ВРЕМЕ НА ПАНДЕМИЈАТА СО КОВИД-19

Економските мерки се фокусираат на обезбедување минимален животен стандард на домаќинствата и на компаниите погодени од кризата, пред сè за заштита на работните места и поддршка на ранливите претпријатија. Ова е од клучно значење за да се спречи наплив на нееднаквости со голема веројатност предизвикани од пандемијата.

Владата воведе неколку клучни мерки за директно спасување на приходите. Прво, го прошири опфатот на гарантираната минимална помош (ГМП), со олабавување на критериумите за влез во системот за социјална заштита. Владата обезбеди дека надминувањето на прагот на приходот ќе се процени врз основа на остварениот приход од претходниот месец, наместо од претходните три месеци, за да обезбеди дека едно домаќинство веднаш станува подобно за гарантирана минимална помош. Владата ги релаксираше критериумите за сопственост на имотот, така што сега домаќинствата кои поседуваат куќа за живеење, автомобил постар од 5 години и земјоделска парцела помала од 500 квадрати метри, станаа подобни за ГМП. Енергетскиот додаток на ГМП, исто така, беше продолжен за да покрие 12 наместо 6 месеци[20]. Оваа уредба беше активна во време на прогласената вонредна состојба.

Важно е да се напомене дека со усвојувањето на Законот за социјална заштита во мај 2019 година[21], се усвои и систем на социјална заштита кој на сите граѓани или семејства им гарантира приход доволен за живеење, под услов да се исполнети одредени критериуми и да е достапно учеството на пазарот на трудот. Примарна цел на гарантираниот минимален приход

20 Министерство за труд и социјална политика. Указ за прогласување на Законот за дополнување на Законот за социјалната заштита. „Службен весник на РСМ“ бр. 302/20. Пристапено на https://mtsp.gov.mk/content/pdf/2021/%D0%97%D0%A1%D0%97%20302%20%D0%BE%D0%B4%202020.pdf

21 Министерство за труд и социјална политика. „Службен весник на РСМ“ бр. 104/19. Закон за социјална заштита. Пристапено на веб-страницата на. https://mtsp.gov.mk/content/pdf/zakoni/2019/28.5_zakon_SZ.pdf

е намалување на сиромаштијата. Ова се големи позитивни ефекти кои произлегуваат од речиси тројното зголемување на износот за мерката во споредба со тековните трошоци за социјална помош.

Второ, обезбедена е еднократна поддршка за работниците со мали примања, невработените и за студентите, во опсег од 3 000 до 9 000 денари, како и ваучери за туризам во износ од 6 000 денари.[22]

Трето, Владата воведе привремено релаксирање на надоместокот за невработеност. Северна Македонија работи со систем на осигурување од невработеност за оние работници кои ги исполнуваат условите, односни оние кои биле отпуштени, кои ја напуштиле работата по своја волја или со спогодбен престанок на работниот однос. Спогодбениот престанок на работниот однос, во услови на пандемијата со КОВИД–19, имаше голема злоупотреба. Владата привремено ги релаксираше овие критериуми, предвидувајќи дека оние кои ја изгубиле работата во март и во април 2020 година, без оглед на основите (освен раскинување на договорот заради истекување), станаа подобни за најмногу два месеца, за да добијат осигурување во случај на невработеност[23].

Уредбата со законска сила донесена од Владата на Република Северна Македонија за финансиска поддршка на работодавачите од приватниот сектор кои се погодени од здравствено-економската криза предизвикана од вирусот КОВИД–19, се однесуваше на исплата на платите за месеците април и мај 2020 година[24]. По донесувањето на Уредбата, а поради големиот број нејасности и прашања кои се појавија во јавноста во однос на истата, на 28 април 2020 година Владата донесе нова уредба со која ги отстрани нејасностите.

Владата објави уредба со законска сила за субвенционирање на исплатата на придонесите од задолжителното социјално осигурување за време на вонредна состојба[25]. На работодавачите им сесубвенционира износ за исплата на придонеси од задолжителното социјално осигурување, во висина од 50 % од пресметаните придонеси од задолжителното социјално осигурување, но

22 Влада на Република Северна Македонија. Битиќи: „Третиот пакет мерки е за нов развој, а поддршка добива секој кој има потреба, ја стимулираме домашната економија“. Пристапено на https://vlada.mk/node/21431

23 Влада на Република Северна Македонија:Работниците да не потпишуваат спогодбен отказ од работа за да можат да користат парична помош во случај на невработеност. Пристапено на https://vlada.mk/node/20993

24 „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 93/20. Пристапено на https://www.slvesnik.com.mk/Issues/52c3586ab1434cd7b159d3a7ab29cfae.pdf и 97/20. Пристапено на https://www.slvesnik.com.mk/Issues/6f3c8bca303d42778ae8743ded0e449c.pdf

25 „Службен весник на РСМ“ бр. 92/20. Пристапено на https://www.slvesnik.com.mk Issues/7648c4c4c 7f14c829d9e d71 26203 a391.pdf)

најмногу до 50 % од придонесите пресметани на просечната бруто-плата по работник, според податоците на Државниот завод за статистика, за месец јануари 2020 година. Оваа донесена мерка е условена со предуслови кои Ѝ даваат одредена рамка и таргетирана група корисници.

Субвенционирањето на износот за исплата на придонеси од задолжителното социјално осигурување, согласно оваа уредба, не може да се оствари доколку работодавачот користи финансиска поддршка, заради исплата на нето-плата во износ од најмногу 14.500 денари месечно по работник, согласно Уредбата за финансиска поддршка на работодавачите од приватниот сектор погодени од здравствено-економската криза предизвикана од вирусот КОВИД–19.

Издвоените социо-економски мерки несомнено имаа големо влијание врз динамиката на економскиот и социјалниот живот во државата. Тие успеаја да ја амортизираат финансиската загуба, да стимулираат и да обезбедат смирена психо-социјална перспектива и стабилност на угостителите и на нивните вработени. Сепак, секоја од донесените мерки подлежи на голем број предуслови, што ја прави соодветна или несоодветна за користење од страна на граѓаните, а од друга страна пак обезбедува и широк влез на корисници. Тоа, од една страна, укажува на таргетирано креирање на социо-економските политики, но исто така и на недоволно ресурси за опфат и за ублажување на ризиците со кои се соочува секторот. Основната намера на мерките беше да се обезбеди одржување на работниот процес – задржување на работните места.

6 АНАЛИЗА НА ВЛИЈАНИЕТО НА ПОЛИТИКИТЕ И МЕРКИТЕ НА ВЛАДАТА ЗА СПРАВУВАЊЕ СО ПАНДЕМИЈАТА ВО СОЦИО-ЕКОНОМСКИОТ СЕКТОР

Првиот пакет мерки Владата ги насочи кон најзагрозените сектори (туризмот, угостителството и транспортот) за полесно справување со последиците од настанатата состојба поради коронавирусот, и тоа директна финансиска поддршка од 5,7 милиони преку Развојната банка на Република Северна Македонија, како бескаматни кредити, со каматна стапка од 0 проценти и грејс период од 6 месеци, додека рокот на отплата е 2 години. Владата најави дека секоја компанија, во зависност од бројот на вработените, ќе може да добие од 3 до 30 илјади евра. Микрокомпаниите (кои имаат до 10 вработени) ќе можат да подигнат кредит од 3 до 5 илјади евра, малите компании (кои имаат од 10 до 50 вработени) ќе може да подигнат кредит од 10 до 15 илјади евра и средните компании (кои имаат од 50 до 250 вработени) ќе може да подигнат кредит од 15 до 30 илјади евра.[26]

Она што е важно да се напомене е дека Владата на Република Северна Македонија и Европската комисија потпишаа измени и дополнувања на Финансиската спогодба за Годишната акциска програма „Поддршка на ЕУ за социјална и економска отпорност на Северна Македонија“ во рамките на проектот „Конкурентност, иновации, земјоделство и рурален развој“. Со одлуката на Европската комисија за успешно спроведување на ИПА II помошта, на нашата држава ѝ беше дадена можност за користење дополнителни финансиски средства за програмската година 2020. Во текотна април – јуни 2020 година се спроведоа активности за репрограмирање на финансиските средства во износ од 40 милиони евра, под координација на Секретаријатот за европски прашања, а со учество на Министерството за труд и социјална политика, Министерството за финансии, Развојната банка на Северна Македонија, Агенцијата за вработувања на РСМ, во модерација на Делегацијата на Европската Унија. Пакетот мерки се однесуваше на

26 Владата и Народна банка со иницијален сет мерки за погодените македонски компании: бескаматни кредити од 3 до 30 илјади евра, субвенционирани придонеси за вработените, намалена каматна стапка на кредитите, основање Фонд за поддршка на туризмот. Влада на РСМ. Пристапено на https://vicepremier-ekonomija.gov.mk/?q=en/node/673

закрепнување и ублажување на негативните социо-економски влијанија на пандемијата, што во суштина обезбедува финансирање на владините мерки насочени кон подобрување на ликвидноста на микро, малите и средните претпријатија, како и поддршка на реинтеграцијата на невработените жени и мажи на пазарот на трудот[27]. Мерките се:

- Бескаматна кредитна линија со грант-компонента наменета за микро и за малите претпријатија погодени од КОВИД–19 кризата;
- Грантови за самовработувања наменети за невработените лица кои сакаат да го формализираат својот бизнис или да основаат нов бизнис, и
- Финансиска поддршка на постоечките фирми (микро, мали и средни) кои создаваат нови работни места.

Оваа кредитна линија ја спроведува Развојната банка, а финансиската поддршка од ИПА е 30 милиони евра. Последните две мерки што ги таргетираат невработените ги спроведува Агенцијата за вработувања, а финансиската поддршка од ИПА е 10 милиони евра. Овие мерки се спроведуваат во рамките на Оперативните планови за активни програми и мерки за вработување на пазарот на трудот за 2020 и 2021 година. Оваа акција се имплементира како буџетска поддршка.[28]

Реализацијата на мерката за субвенционирање на исплатата на плати[29], односно финансиската поддршка на околу 135 илјади работници со 14.500 денари по работник во месец април, укажува на тоа дека мерката не е доволно искористена (68,4 %). Податоците покажуваат дека ваквата состојба е резултат на недоволната информираност и на стравувањата дека пријавувањето за мерката ќе донесе проблеми за претпријатието во иднина (најчесто цитиран е стравот од зачестени инспекции). Сепак, во мај искористеноста на мерката значително се зголемува и таа се доближува до својот теоретски потенцијал (92,9 %)[30]. Според податоците од Управата за јавни приходи, поддршка за исплата на минимална плата добиле 542.931 вработено лице, но без податок колку од нив се однесуваат на угостителскиот сектор. Според податоците на Министерството за

27 Одговор од Министерство за труд и социјална политика по Барање за пристап до информации од јавен карактер

28 Одговор од Министерство за труд и социјална политика по барање за пристап до информации од јавен карактер

29 Уредбата со законска сила за финансиска поддршка на работодавачите погодени од здравствено-економската криза предизвикана од коронавирусот КОВИД–19, заради исплата на платите за месеците април и мај 2020 година („Службен весник на РСМ“ бр. 111 од 28.4.2020, бр. 113 од 1.5.2020 и бр. 154 од 10.6.2020).

30 Институт за економски истражувања и политики. Бриф за политиките бр. 43. Пристапено на https://www.financethink.mk/wp-content/uploads/2020/11/PolicyBrief_no.43.pdf

труд и социјална политика, за период од март до декември 2020 година е извршена исплата од 910.367 денари за поддршка на компаниите за исплата на минимална плата.[31]

Уште во почетокот беа забележени злоупотреби при имплементирањето на економските мерки за исплата на платите на работниците. Мерката за директна помош на платите пред сè имаше за цел да се спречи отпуштањето на работниците и тие да ги задржат своите работни места. Вакви реакции беа забележани од страна на националните синдикати[32], поради големиот број поднесени поплаки и пријавите дека на работниците им се исплаќа понизок износ на плата од она што работодавачите го добиле како помош, а некои воопшто не им исплатувале плати на работниците. Сојузот на синдикатите на РСМ побара средствата да се исплаќаат директно на сметките на работниците, како најпогодени во целава ситуација. На тој начин ќе се избегнат злоупотребите од страна на работодавачите при исплатата на платата од средствата добиени како финансиска поддршка од државата.[33]

И покрај предупредувањата, на Управата за јавни приходи ѝ беа потребни повеќе денови за да ја утврди, наместо да ја спречи оваа појава. Според нивните податоци, достапни на веб-страницата, состојбата со реализацијата на мерката за субвенција на платите, презентирана на прес-конференција на 2 февруари 2021 година, покажува дека на 13.160 работодавачи им се исплатени вкупно 961.709.306 денари за исплата на декемвриската плата на 60.974 вработени.[34]

Сепак, голем број работодавачи (306 работодавачи) не ја исплатиле земената финансиска поддршка во износ од 16.305.020 денари, на 992 вработени. За овие работодавачи се изготвени и доставени опомени за неисплатената плата, а против оние кои нема да ја исплатат платата по истекот на рокот од опомената, ќе следува спроведување на постапка за присилна наплата на платата, со блокада на паричните средства на нивните жиро-сметки и со пренос на средствата на сметките на вработените лица и на уплатните сметки за јавни приходи. Овие компании се од дејностите:

31 Одговор од Министерство за труд и социјална политика по барање за пристап информации од јавен карактер.

32 Сојуз на синдикатите на РСМ. Пристапено на. https://www.ssm.org.mk/mk/ssm-bara-subvenciite-za-junskata-plata-da-se-isplakjaat-direktno-na-smetkite-na-rabotnicite

33 Одговор по писмен пат од страна на Сојузот на синдикатите на РСМ

34 „Анализа за искористеноста на мерката финансиска поддршка за исплата на плати на вработените“, Управа за јавни приходи. Пристапено на сајт на 28.3.2021 год. http://www.ujp.gov.mk/mk/javnost/soopstenija/pogledni/844

- 78 работодавачи од дејноста трговија на мало, кои примиле финансиска помош од 2.219.584 денари, не исплатиле плата на 145 вработени;
- 44 фирми што вршат подготовка на оброци и служат храна примиле помош од 2.239.825 денари и не им исплатиле плата на 130 вработени, и
- 26 фирми од дејноста градежништво, кои примиле помош од 944.106 денари, и не им исплатиле плата на 57 вработени.

По региони, најмногу фирми кои не исплатиле плата се од Скопје (92), Тетово (63) и Гостивар (16).

По спроведените мерки и активности од страна на Управата за јавни приходи, намален е бројот на компаниите кои сè уште не ги исплатиле октомвриската и ноемвриската плата, и тоа за октомври е намалено од 179 на 11 компании, а за ноември од 245 на 24 компании, што упатува на констатацијата дека мерките што ги презела Управата за јавни приходи вродиле плод. Октомвриската плата за 2020 година сè уште не ја зеле 34 вработени, а платата за ноември 2020 година - 50 вработени. Управата презела конкретни мерки за присилна наплата на неисплатената плата од парични средства на жиро-сметките кај овие претпријатија, за истите да се префрлат на трансакциската сметка на работниците. Анализата покажува дека е намален и бројот на компаниите кои не исплатиле плата за април, мај и за јуни 2020 година, но сè уште има компании кои не ја исплатиле платата за месец април, и тоа:

- 47 компании за 102 вработени;
- 33 компании не ја исплатиле мајската плата на 63 вработени, и
- 54 компании не ја исплатиле јунската плата на 145 вработени.

Сепак, значителен е бројот на компаниите (109) кои сè уште не исплатиле плата за еден, за два или за сите три месеци (април, мај и/или јуни). Поради ваквата состојба, во Јавното обвинителство се поднесени детални податоци за покренување кривична постапка, а кај истите се извршени контроли во координација со Државниот инспекторат за труд.

Координацијата меѓу овие две институции даде резултати, но по веќе сторените повреди од работен однос кај работниците. Во декември 2020 година Управата за јавни приходи и Државниот инспекторат за труд започнаа со координирани контроли на даночните обврзници. Ваквите координирани акции треба да претставуваат практика и да бидат брзи и навремени. Сепак, и по преземените мерки неправилности се утврдени кај 41 работодавач, кои пред сè се однесуваат на неисплатената плата и придонеси од плата на работниците во утврден рок, како и на доплатата

на плата до износот на минималната плата кај оние работодавачи кои исплатиле плата во износ понизок од утврдената минимална плата.

По спроведените 17 контролни инспекциски надзори се утврди дека:

- 10 работодавачи постапиле по донесените решенија и ја отстраниле неправилноста, односно им исплатиле плата на работниците;
- 6 работодавачи не постапиле по решението за опомена, за што е изречена инспекциска мерка, и
- кај еден работодавач, кој не постапил по решението, со наредба е изречена глоба и издаден прекршочен платен налог.

Според податоците добиени од УЈП, извршена е контрола кај 60 даночни обврзници од дејностите: подготовка на оброци и служење храна, изградба на згради, копнен транспорт и воден транспорт, објекти за сместување, производствена дејност, трговија на мало, туристички агенции, градежништво итн. Од спроведените контроли е утврдено дека:

- 16 даночни обврзници не ги исполнувале условите за добивање финансиска поддршка во однос на намалувањето на приходите за одредени месеци;
- 7 даночни обврзници го намалиле бројот на вработени по месецот во кој е одобрена финансиската поддршка, од кои еден даночен обврзник веќе имал извршено враќање на добиената финансиска поддршка, и
- кај 2 даночни обврзника е констатирано неисполнување на условот за добивање финансиска поддршка во однос на намалување на приходот и намалување на вработените што е поголемо од предвиденото во Уредбата и во Законот.

Државниот инспекторат за труд спровел повеќе од 21.031 инспекциски надзори кај исто толку правни субјекти, врз основа на пријави за непочитување на правата од работен однос, безбедност и здравје при работа, како и непочитување на протоколите за работа донесени од страна на Владата, а со цел да се спречи ширењето на коронавирусот. Предмет на надзорите на Државниот инспекторат за труд било да се утврди дали работодавачите им исплатиле плата и придонеси од плата на работниците[35] и дали исплатената плата е во износ на минималната плата утврдена со закон и основната плата утврдена во договорите за вработување.[36]

35 Закон за работните односи (пречистен текст) согласно чл.109 од Законот за работните односи. Пристапено на https://www.mtsp.gov.mk/content/pdf/zakoni/ZRO%20Precisten%2074-15.pdf

36 Закон за работните односи (пречистен текст) согласно член 107 од ЗРО и чл.2 од Законот за минималната плата. Пристапено на https://www.mtsp.gov.mk/content/pdf/zakoni/ZRO%20Precisten%2074-15.pdf

Од март до декември, Државниот инспекторат спровел голем број интензивни контроли, преку посети на терен по редовни или вонредни надзори, со цел редовно следење на состојбата. Овие теренски активности се, исто така, во тесна соработка и во дослух со граѓанските организации и Владата.[37] Државниот инспекторат донел 595 решенија со опомени кај приватните објекти и 832 решенија со наредба за преземање мерки. Околу 90 решенија се однесуваат на исплата на износ помал од минималната плата, додатоци на плата, неевиденција на работното време, незаконски отпуштања, а дел од нив се и за пропусти за спогодбени откази или решенија за откази без отказен рок или за ненаведена основа за отказ на работникот.

Податоците упатуваат на сериозни повреди на правата на работниците, но и на задоцнета реакција за заштита од страна на надлежните институции.

Субвенционирањето на придонесите за вработените[38] во компаниите од секторите туризам, транспорт, угостителство и други погодени компании, за месеците април, мај и јуни 2020 година, во висина до 50 % од просечната плата исплатена во 2019 година, може да се искористи под услов компанијата да не го намали бројот на вработените под бројот на вработените во месец февруари 2020 година и ова да важи од денот на користењето на мерката. Исто така, услов е компанијата да не исплати дивиденда во текот на 2020 година до денот на поднесувањето на годишната сметка, односно финансиските извештаи за 2020 година, и компанијата да нема исплатено награда-бонус по влегувањето во сила на мерката. Само компаниите што имаат остварено добивка како финансиски резултат од работењето во 2020 ќе вратат субвенции за придонес во износ од 50 % од добивката пред оданочувањето, што значи дека мерката е директно насочена кон компаниите кои во 2020, поради коронавирусот, остариле послаби финансиски резултати. Според евиденцијата на Управата за јавни приходи, за првите три месеци се исплатени 112.900.435 денари за вкупно 35.739 лица, но нема информации за тоа колкав дел од овие средства се однесуваат на угостителскиот сектор[39].

Како што споменавме, во 2019 година Владата донесе Закон за социјална заштита во кој ја воведе гарантираната минимална помош, што всушност претставува систем за социјална заштита што на сите граѓани или семејства им гарантира приход доволен за живеење. Примарна цел на гарантираниот минимален приход е намалување на сиромаштијата. Со

37 Координација со инспекторатите, синдикатите и со граѓанските организации. Влада на РСМ. Пристапено на https://www.vicepremier-ekonomija.gov.mk/?q=node/805

38 „Службен весник на РСМ“ бр. 92/20. Уредба со законска сила за субвенционирање на исплатата на придонеси од задолжителното социјално осигурување за време на вонредна состојба. Пристапено на https://www.slvesnik.com.mk/Issues/7648c4c4c7f14c829d9ed7126203a391.pdf

39 Одговор од Управата за јавни приходи по Барање за пристап до информации од јавен карактер

Уредба[40], беше олеснет пристапот до правото на гарантирана минимална помош за лицата/домаќинствата во време на вонредни околности – утврдено постоење кризна состојба, прогласена епидемија, односно пандемија, пожари, поплави или други големи природни непогоди. Па така, според податоците од Министерството за труд и социјална политика за 2019 година, во периодот од мај до декември 225.610 лица аплицирале и остариле право на гарантирана минимална помош, додека во истиот период од 2020 година правото на гарантирана минимална помош го остариле вкупно 320.307 лица.[41] Разликата меѓу двата периода е 94.697 лица. Тоа е значителен број лица на кои им е обезбедено „безбедно гнездо", со единствена цел да бидат заштитени од сиромаштија. Се претпоставува дека голем дел од лицата кои ја изгубиле својата работа го искористиле правото на гарантирана минимална помош и успеале да добијат барем основни средства. И Владата, односно тогашниот заменик-министер за труд и социјална политика, извести дека правото на гарантирана минимална помош за првите два месеца е зголемено до 2 000 поднесени барања.[42]

Агенцијата за вработување во 2020 година регистрирала вкупно 1.590.705 невработени лица. Од податоците добиени преку барање за информации од јавен карактер од Агенцијата за вработување во 2019 година, бројот на невработени лица изнесувал 1.232.074 лица. Во однос на истиот месец претходната година, вкупниот број невработени лица е зголемен за 29,8 %. Во Скопскиот Регион, пак, состојбата евидентирана на 31.12.2020 година покажува 302.061 невработени лица[43].

Во 2020 година се засновани 174.240 нови работни односи. Вкупниот број нововработени е понизок за 14,2 % во однос на 2019 година. Од вкупниот број нововработени, 42,7 % се вработени на неопределено време, додека другиот дел се вработени на определено време или се ангажирани за вршење сезонски работи. Од вкупниот број засновани нови работни односи во декември 2020 година, 21 % се од евиденцијата на невработени.[44]

40 „Службен весник на РСМ" бр. 89/20. Уредба со законска сила за примена на Законот за социјалната заштита за време на вонредна состојба. Пристапено на https://www.mtsp.gov.mk/content/pdf/dokumenti/2020/5_sz.pdf

41 Одговор од Министерство за труд и социјална политика по Барање за пристап до информации од јавен карактер

42 Заменик-министерот Бајрактар посочи дека во центрите за социјална работа, од моментот на носење на уредбата со која се овозможи брз влез во системот на социјална заштита, 3 април, се пристигнати околу 2 000 нови барања за гарантирана минимална помош, кои се решаваат тековно, согласно податоците што ги добиваме од другите институции, како УЈП, МВР и другите. Пристапено на https://vlada.mk/node/21308?ln=mk

43 Одговор од Агенцијата за вработување по Барање за пристап до информации од јавен карактер

44 Извештај на Министерството за финансии. „КРАТКОРОЧНИ ЕКОНОМСКИ ДВИЖЕЊА". Пристапено наhttps://finance.gov.mk/wp-content/uploads/2021/03/%D0%9A%D0%95%D0%94-%D0%B4%D0%B5%D0%BA%D0%B5%D0%BC%D0%B2%D1%80%D0%B8-2020.pdf

Агенцијата за вработување, по барање на истражувачкиот тим за презентирање податоци за бројот на фирмите кои го намалиме бројот на вработените за време на истражувачкиот период, се произнесе дека евиденцијата на вработените ја водат работодавачите, па затоа Агенцијата не располага со бараната информација. Притоа, Агенцијата се повикува на член 2 став 2 од Законот за евиденциите во областа на трудот.[45] И на прашањето за фирмите кои ги зголемиле бројот на вработените во текот на истражувачкиот период, Агенцијата за вработување се произнесе дека евиденцијата на вработените ја водат работодавачите, повикувајќи се член 2 став 1 од Законот за евиденциите во областа на трудот. Агенцијата за вработување, исто така, не ги евидентира фирмите кои го задржале бројот на вработените во истражувачкиот период, повикувајќи се на погоренаведениот закон.[46]

Оваа состојба укажува на една нелогичност, апсурдна сама по себе, ако се има предвид дека оваа институција, односно Агенцијата за вработување, посредува на пазарот на трудот и, согласно Законот за евиденција, има надлежност да ги следи трендовите и динамиката на побарувачката и понудата на работната сила. Во отсуство на вакви податоци, Агенцијата не е во можност активно да учествува во политиките кои се преземаат од страна на Владата и надлежните министерства, а уште помалку може да придонесе кон унапредување или, пак, кон донесување активни мерки за намалување на невработеноста. Од друга страна, пак, од јануари 2021 година бројот на невработени лица континуирано се зголемува.

Голем број повреди на правата од работен однос (откази, притисоци врз работниците за потпишување спогодбени откази, трансформација на работниот однос од неодредено на одредено време, намалени плати, намалување на платата или упатување на принуден одмор на лицата кои се хронично болни и лицата кои се грижат за деца до 10 години) се евидентирани и од страна на граѓанските организации, како Хелсиншкиот комитет за човекови права.[47] Секоја злоупотреба претставува повреда на човековите права, а во таа смисла и повреда на правата од работен однос. Нема сомнение дека не смеат да се прават злоупотреби, а таквото дејствување да помине неказнето. Оттаму, постапувањето на државата при интензивното спроведување на надзорот е сосема оправдано. Но и покрај механизмите на државата да дејствува преку казни, важно е да се дејствува и превентивно кон зачувување на работните места и зачувување

45 Закон за евиденциите во областа на трудот. Пристапено на 31.3.2021 https://mtsp.gov.mk/content/pdf/trud_2017/pravilnici/16,11-%D0%97%D0%B0%D0%BA%D0%BE%D0%BD%D0%95%D0%B2%D0%B8%D0%B4%D0%B5%D0%BD%D1%86%D0%B8%D0%B8%D0%A2%D0%A0%D0%A3%D0%94.pdf

46 Одговор од Агенцијата за вработување по Барање за пристап до информации од јавен карактер

47 Хелсиншки комитет за човекови права, „COVID-19 и пазарот на трудот". Пристапено на https://mhc.org.mk/wp-content/uploads/2021/03/covid-19-i-pazarot-na-trudot.pdf

на здравјето на работниците.

И истражувањето за влијанието на мерките за справување со КОВИД–19 врз човековите права на маргинализираните заедници, што го спроведе Мрежата за заштита од дискриминација, упатува на заклучокот дека и покрај олеснетите критериуми за пристап и остварување на правата од социјална заштита, како гарантиран минимален приход, сепак и онака ранливите групи граѓани се соочувале со недостиг на информации и неможност за комуникација со службените лица од центрите за социјални работи. Дополнително, Мрежата заклучува дека и оние граѓани од ранливите групи, кои во текот на кризата поднеле барања за остварување парични надоместоци од социјална заштита, решението со кое се одлучува за нивното право го добиле за два, односно за три или повеќе месеци. Бавното одлучување за остварување на правото на социјална заштита ги става граѓаните во уште поголем социјален ризик, особено во услови на криза.[48]

48 „Човековите права на маргинализираните заедници во услови на КОВИД–19". Извештај од истражувањето на влијанието на мерките за справување со КОВИД–19 врз човековите права на маргинализираните заедници. Мрежа за заштита од дискриминација. февруари, 2021.

Регион	јануари	февруари	март	април	мај	јуни	јули	август	септември	октомври	ноември	декември
Вкупно	104.409	105.816	107.732	114.762	121.187	133.455	141.777	144.759	151.359	153.799	155.218	156.432
Вардарски Регион	7.744	7.689	7.726	8.288	8.871	9.891	10.383	10.471	10.699	10.793	10.847	10.901
Источен Регион	9.295	9.373	9.458	10.112	10.942	12.034	12.912	13.141	13.527	13.521	13.576	13.613
Југо-западен Регион	11.874	11.965	12.241	13.012	13.818	15.163	15.746	16.051	16.939	17.087	17.312	17.398
Југо-источен Регион	7.810	7.920	8.060	8.938	9.506	10.437	11.231	11.429	12.178	12.520	12.632	12.874
Пелагониски Регион	14.882	15.002	15.259	16.262	17.021	18.111	19.046	19.019	19.635	19.667	19.603	19.613
Полошки Регион	19.369	20.014	20.199	21.091	22.015	24.509	26.423	27.329	29.191	30.264	30.947	31.434
Северо-источен регион	14.978	15.154	15.486	16.112	16.607	17.673	18.570	18.963	19.455	19.773	19.934	19.996
Скопски Регион	18.457	18.699	19.213	20.947	22.407	25.637	27.466	28.356	29.735	30.174	30.367	30.603

Извор: Допис од Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија по барање за пристап на информациите од јавен карактер за состојбата со евидентираните невработени лица за 2019/2020 година

Состојбата на пазарот на трудот се влоши во периодот по вториот квартал: прво, затоа што опстојуваа ризиците од кризата, и второ, затоа што владината субвенција за задржување на работното место беше реализирана на крајот на јуни, и покрај тоа што содржеше одредба за задржување на бројот на работниците за два дополнителни месеци по неа.

Оттука, според регистрираната невработеност во Агенцијата за вработување, во периодот од март до ноември 2020 година, околу 155.218 лица се евидентирани како невработени.[49] Минатата година, бројот на регистрирани невработени во РСМ, според податоците на Агенцијата за вработување, изнесува 101.819 лица.[50] Разликата од 53.399 лица кои се евидентирани како невработени се должи на влијанието на пандемијата.

Според податоците на сајтот на Агенцијата за вработување, барање за користење паричен надоместок во случај на невработеност поднеле околу 7.000 лица[51], од кои 349 се работници кои се евидентирани во компаниите под стечај, 4.776 се сезонски работници и 1.762 се работници евидентирани како технолошки вишок. Споредбено со 2019 година, бројката е речиси половина.

Извор: АВРСМ	Стечај	Сезонски работници	Технолошки вишок	Вкупно
2019	349	4.476	1.762	6.887
2020	359	2.706	1.430	4.496

Обратнопропорционален е односот на регистрирани пријави на засновани работни односи од евиденцијата и надвор од евиденцијата на невработени лица во Агенцијата за вработување за 2019 и 2020 година. Според податоците на сајтот на Агенцијата за вработување, вкупниот број регистрирани пријави на невработени лица за 2019 година е помал од истиот вкупен број во 2020[52], додека вкупниот број регистрирани лица

49 Агенција за вработување на Република Северна Македонија Пристапено на 13.4.2021 година. https://av.gov.mk/content/Statisticki%20podatoci/%D0%94%D0%B5 %D0%BA%D0%B5%D0%BC %D0%B2%D1%80%D0%B8%202020/Nevraboteni122020.pdf

50 Агенција за вработување на Република Северна Македонија.Пристапено на 13.3.2021 година. https://av.gov.mk/conte nt/Statisticki%20podatoci/%D0%94%D0%B5%D0%BA%D0%B5%D0%BC%D0 %B2%D1%80%D0%B8%202019/Nevrabotenilica122019k.pdf

51 Агенција за вработување на Република Северна Македонија.Пристапено на 13.3.2021 година. https://av.gov.mk/content/Statisticki%20podatoci/%D0%94%D0%B5%D0%BA%D0%B5%D0%BC%D0%B2%D1%80%D0%B8%202020/KorisniciPN122020.xls.pdf

52 Агенција за вработување на Република Северна Македонија. Пристапено на 13.3.2021 година. https://av.gov.mk/content/Statisticki%20podatoci/%D0%9D%D0%BE%D0%B5%D0%BC%D0%B2%D1%80%D0%B8%202019/p10vrabotuvanja112019.pdf

надвор од евиденцијата на невработени лица за 2019 е поголем од истиот вкупен број за 2020[53]. Овие бројки покажуваат дека и во услови на криза уредувањето на работниот однос за едно лице е поверојатно да се склучи надвор, односно без посредување на Агенцијата за вработување.

Според **Државниот завод за статистика,** во 2020 година, која е во знакот на пандемијата од коронавирусот КОВИД–19, активното население во Република Северна Македонија изнесува 950.858 лица, од кои вработени се 794.909, а 155.949 лица се невработени.[54]

Поради тоа што двата извора на информации за (не)вработеноста упатуваат на релативно различни движења, не може да се добие прецизна и аналитична слика за динамиката и за движењата на **пазарот на трудот во Северна Македонија во време на пандемијата**.

Сепак, притисокот на пазарот на трудот не се сведува само на оние лица кои изгубиле работа во време на истражуваниот ковид-период. Имено, на пазарот има постојан прилив на лица кои првпат се пријавуваат во Агенцијата за вработување, како учениците и студентите кои го завршиле своето школување и првпат се регистрираат на пазарот на трудот. Имено, овие лица се соочени со значително зголемен ризик за ненаоѓање работа и се пријавуваат како активни баратели на работа, почесто отколку што би се пријавувале во нормални околности, заради намалената побарувачка за работа, од една страна, и заради бенефициите што се утврдени со Законот и со уредбите со законска сила, од друга страна.

Во овој дел е важно да се напомене дека угостителството и туризмот се дејности кои меѓусебно се надополнуваат и се надоврзуваат. Ваквата состојба се потврдува и преку искористеноста на мерката „ДОМА СИ Е ДОМА“, што била искористена од страна на 64.788 граѓани кои ги искористиле овие туристички ваучери, со што директно придонеле во туризмот, а индиректно во угостителскиот сектор.[55]

Во Министерството за економија, во период од 11 март до 1 декември за финансиска помош аплицирале 610 угостителски објекти, од кои 238 (39 %) се ресторани, 275 (45 %) се хотели и 97 (16 %) се друг вид угостителски објекти (апартмани, вили и соби за издавање). Според податоците од Министерството за економија, за ресторените кои аплицирале за финансиска

53 Агенција за вработување на Република Северна Македонија. Пристапено на 13.3.2021 година. https://av.gov.mk/content/Statisticki%20podatoci/%D0%9D%D0%BE%D0%B5%D0%BC%D0%B2%D1%80%D0%B8%202020/p10_regprijavi112020.xls.pdf

54 Државен завод за статистика. Пристапено на 19.4.2021 година https://www.stat.gov.mk/PrikaziSoopstenie.aspx?rbrtxt=98

55 Одговор од Министерството за економија на Барање за пристап до информации од јавен карактер

помош од државниот буџет се издвоени 54.540.000 денари.56

Од вкупниот број угостителски објекти кои аплицирале за финансиска помош во гореспоменатиот период (610 угостителски објекти), само 347 (57 %) ја искористиле финансиската помош, од кои 133 (22 %) се ресторани, 160 (26 %) се хотели и 54 (9 %) се друг вид угостителски објекти. Ова упатува на заклучокот дека повеќе од половина угостителски објекти (57 %) имале можност да искористат финансиска помош од државата за полесно пребродување на кризата.[57]

Во Република Северна Македонија, според Регистарот на туристичките агенции при Министерството за економија, се регистрирани вкупно 638 туристички агенции, од кои 282 се туристички агенции со А-лиценца и 356 се туристички агенции со Б-лиценца. Во врска со јавниот повик за издавање грантови на туристичките агенции за период од 11 март до 2 декември 2020 година, според одговорот на Министерството за економија, од поднесените 284 барања се одобрени 276 барања кои ги исполнуваат условите одредени со јавниот повик, а 8 се одбиени поради неисполнување на потребните услови, што упатува на потребата за помош на овој сектор од страна на државата. Тоа покажува дека голем процент (97 %) од туристичките агенции добиле финансиска помош од страна на државата во вкупен износ од 79.690.000 денари.[58]

Дел од мерките на Министерството на економија за истражуваниот период е и мерката поврат на туристичката такса. За оваа мерка се издвоени финансиски средства во износ од 120.000.000 денари. Во однос на повратот на туристичката такса за 2019 година, до Министерството за економија се пристигнати вкупно 372 доставени барања, од кои на 214 (58 %) им се исплатени средства за поврат на туристичка такса во вкупна вредност од 57.823.523 денари. Согласно податоците добиени од Министерството за економија, за мерката поврат на туристичка такса, остануваат да се реализираат уште 62.176.477 денари[59], што упатува на фактот дека половина од средствата се на располагање да се искористат, согласно поставените критериуми.

Министерството за економија, во време на истражуваниот период, од 11 март до 1 декември 2020 година, направило ребаланс на својот буџет, и тоа во неколку ставки: исплата за отпремнина заради заминување во пензија, средства по основа на степен на кариера (за административните службеници во Министерството за економија) и исплата на отпремнина за

56 Одговор од Министерството за економија на Барање за пристап до информации од јавен карактер
57 Одговор од Министерството за економија на Барање за пристап до информации од јавен карактер
58 Одговор од Министерството за економија по Барање за пристап до информации од јавен карактер
59 Одговор од Министерството за економија по Барање за пристап до информации од јавен карактер

заминување во пензија за вработен. Извршена е и пренамена на тековните средства за работа, меѓу кои и набавка на средства за дезинфекција. Она што е важно да се истакне за овој истражувачки извештај е дека Министерство за економија пренаменило околу 1.400.000 денари за исплата на средства, согласно уредбата со законска сила за финансиска поддршка за зајакнување на конкурентноста на деловните субјекти во текот и во пост КОВИД–19 периодот. Меѓу другото, направена е и пренамена за исплата на членарина за Светската туристичка организација за 2020 година, како и за исплата на достасани фактури во износ од 2.800.000 денари.[60]

7 ПРИДОНЕСОТ И ГЛЕДИШТАТА НА НЕЗАВИСНИТЕ АКТЕРИ – ГРАѓАНСКИ ОРГАНИЗАЦИИ И НАЦИОНАЛНИ СИНДИКАТИ

Пандемијата предизвикана од коронавирусот е закана за вообичаениот живот на луѓето и за нивните редовни секојдневни активности, без разлика дали се однесуваат на нивниот личен, семеен или професионален живот. Од самиот почеток кризата ја наметнува дилемата за отвореноста на економијата и ограничувањата што ќе овозможат да се заштити здравјето на граѓаните. Имајќи ги предвид тие два екстрема – „да се воведат рестрикции и затворање, затоа што мора да се заштити здравјето“ и „економијата треба да остане отворена, без никакви рестрикции“, истражувањата на граѓанските организации упатуваат на сериозната загриженост на граѓаните за социо-економската состојба во која се наоѓа нашата земја.

Истражувањата забележуваат дека постои голема загриженост кај граѓаните (74,6%) поради моменталната состојба предизвикана од КОВИД–19. Демографски гледано, етничките Македонци (79,9%) и припадниците на другите заедници (74,2%) се позагрижени од етничките Албанци (59,8%). Регионално гледано, најзагрижени поради кризната состојба се жителите на Пелагонија (85,5%).[61]

60 Одговор од Министерството за економија по Барање за пристап до информации од јавен карактер

61 Македонски центар за меѓународна соработка. „КОВИД–19 во Македонија - една година стравови, очекувања и желби за враќање во нормала“. Пристапено на https://mcms.mk/images/docs/2021/Kovid-19-edna-godina-stravovi-ochekuvanja-i-zhelbi-za-vrakjanj%D0%B5-vo-normala.pdf

Околу една третина од граѓаните (34 %) планираат да им се вратат на предпандемиските активности по вакцинирањето, откако официјалните лица ќе кажат дека тоа е безбедно. Уште 15 % се претпазливи и враќањето кон т.н. нормала го планираат откако ќе бидат вакцинирани повеќето луѓе. Со возраста расте и претпазливоста, па така процентот на оние кои ќе се вратат на предпандемиските активности по вакцинирањето, откако официјалните лица ќе кажат дека е безбедно расте - од 22,8 % (кај младите помеѓу 18 и 29 години) до 48,8 % (кај возрасните над 65 години).[62]

Најголем број граѓани се чувствуваат комфорно при одење во продавница (60,2 %) во однос на другите активности. Во сите други активности, мнозинството или големо мнозинство не се чувствуваат комфорно. Особено се нагласени посетите на спортските и културните настани во затворен простор, каде што 81,6 % од испитаниците не се чувствуваат комфорно, и посетите на забави со многу луѓе, каде што негативниот одговор го избрале 80,6 % од испитаниците.[63]

Според одговорите, најголем број граѓани се за полуотворена економија. Меѓу двата екстрема: „да се воведат рестрикции и затворање, затоа што мора да се заштити здравјето“ и „економијата треба да остане отворена, без никакви рестрикции“, мнозинство од 57,7 % на скала од 1 до 7 најчесто ги одбирале скалилата 3,4 и 5.[64]

Пандемијата не ги загрозила значајно работните места. Вкупно 7,1 % останале без работа, додека 44,1 % ги задржале своите позиции. Кај околу две третини од вработените немало намалување на платите. Средната оценка за економските мерки на Владата е 2,3 (на скала од 1 до 7).[65] Вкупно 40 % ги оцениле владините мерки со ниски оценки (1 или 2), а 21 % ги оцениле со 4 или 5 (на скала од 1 до 7).

Дури и во делот на следењето на реализацијата на сетот економски мерки, истражувањата на граѓанските организации, особено од аспект на износот на потрошените средства, покажуваат дека од информациите кои се јавно достапни не може да се утврди ефектот од овие мерки. Најпрво, за

62 Македонски центар за меѓународна соработка. „КОВИД–19 во Македонија - една година стравови, очекувања и желби за враќање во нормала“. Пристапено на https://mcms.mk/images/docs/2021/Kovid-19–edna-godina-stravovi-ochekuvanja-i-zhelbi-za-vrakjanj%D0%B5–vo-normala.pdf

63 Македонски центар за меѓународна соработка. „КОВИД –19 во Македонија -една година стравови, очекувања и желби за враќање во нормала“. Пристапено на https://mcms.mk/images/docs/2021/Kovid-19–edna-godina-stravovi-ochekuvanja-i-zhelbi-za-vrakjanj%D0%B5–vo-normala.pdf

64 Македонски центар за меѓународна соработка. „КОВИД –19 во Македонија - една година стравови, очекувања и желби за враќање во нормала“. Пристапено на https://mcms.mk/images/docs/2021/Kovid-19–edna-godina-stravovi-ochekuvanja-i-zhelbi-za-vrakjanj%D0%B5–vo-normala.pdf

65 Македонски центар за меѓународна соработка. „КОВИД –19 во Македонија - една година стравови, очекувања и желби за враќање во нормала“. Пристапено на https://mcms.mk/images/docs/2021/Kovid-19–edna-godina-stravovi-ochekuvanja-i-zhelbi-za-vrakjanj%D0%B5–vo-normala.pdf

повеќе од 60 % од усвоените економски мерки нема никакви информации за планираниот опфат на граѓани/компании, а пак за повеќе од 70 % нема информации за реализираниот опфат и за потрошените средства. Ваквата детектирана состојба, иако јавно објавена и презентирана, не беше земена како релевантна од страна на надлежните институции во насока на подобрување на имплементацијата и креирање на политиките.

Ставовите на граѓаните, исто така, покажуваат дека најпогодени сектори од кризата[66] се угостителството и туризмот (27 %), сите сектори (24 %) и приватните бизниси (23 %). Етничките Македонци фокусот го ставаат на угостителството и туризмот (34 %), а етничките Албанци (44 %) на бизнис-секторот. Вкупно 77 % од испитаниците целосно или до некаде се согласуваат со ставот дека е потребно отворање на економијата за враќање на работните процеси. Меѓу нив, побројни се етничките Албанци (91 %) во споредба со етничките Македонци (72 %).[67]

Најголем број од граѓаните (80 %) сметаат дека работното место им е сигурно. Разлика има во одговорите на граѓаните кои се вработени во јавните институции, кои покажуваат поголема сигурност на своето работно место, како вработените во јавните институции (85 %), за разлика од оние кои се вработени во приватните компании (75 %). Иако се сигурни за своето работно место, 79 % од испитаниците сметаат дека многу луѓе ќе го изгубат работното место поради пандемијата.

Значителен број граѓани, или вкупно 88 % од граѓаните, сметаат дека земјата ќе навлезе во економска криза, а 66 % очекуваат дека излегувањето од неа нема да биде лесно. Етничките Македонци се поскептични, односно побројни меѓу оние кои сметаат дека излегувањето од економска криза нема да биде лесно, во споредба со процентот на етничките Албанци (69 % наспроти 59 %).

Истражувачкиот тим имаше можност да спроведе интервјуа со неколку клучни актери од страна на граѓанскиот сектор и од националните синдикати, кои се вклучени во креирање на мерките на Владата. Истражувачкиот тим разговараше со претставниците на горенаведените сектори, чиишто акции и дејствувања имаат свое влијание врз креирањето и следењето на социо-економските политики во земјата.

Иако имаат своја улога во процесот на креирање и следење на

66 Македонски центар за меѓународна соработка. „КОВИД –19 во Македонија - една година стравови, очекувања и желби за враќање во нормала". Пристапено на https://mcms.mk/images/docs/2021/Kovid-19-edna-godina-stravovi-ochekuvanja-i-zhelbi-za-vrakjanj%D0%B5-vo-normala.pdf

67 Македонски центар за меѓународна соработка. Состојбата со Ковид–19 кризата. Ставови на јавност. Пристапено на https://mcms.mk/images/docs/2020/sostojba-so-kovid-19-krizata-2020.pdf

имплементацијата на владините мерки, нивната вклученост од страна на Владата во разговорите за одредување на акциите и соодветните мерки во вонредна состојба е забележана во иницијалната акција и координацијата на состојбата на „теренот".[68] Поради медиумскиот притисок, одржани се заеднички и одделни состаноци со тогашната заменик-претседателка на Владата за економски прашања, Мила Царовска, на кои е разговарано за состојбата и за можните решенија.[69] На тие поединечни средби се алармираше на одредени појави и беа предвидени можните ризици врз основа на претходно согледаните состојби, како непочитувањето на законските обврски на работодавачите, лажните вести и злоупотребата на процедурите.[70]

Сепак, поради недоволната информираност за влијанието и за ефектот на вирусот и политичката состојба во државата, мерките за спречување на штетите од пандемијата беа усвојувани соодветно на околностите. Соработките[71], редовните средби и состаноците овозможија одреден степен на транспарентност и вклученост во креирањето на политиките за и околу пандемијата и соодветно информирање на јавноста.[72]

„Имаше доста широк опфат на многу активни чинители кои ни даваа одредени предлози, а предлозите си имаа свој легитимитет. Синдикатите имаат голем опфат работници и ние, како организации (Хелсиншки комитет, Гласен текстилец, Солидарност, Субверзивен фронт), работиме со странки и имаме од каде да го црпиме она што го договараме" - извадок од интервју со претставник на граѓанска организација.[73]

Но, заложбата за транспарентност, отчетност и одговорност на сите социјални партнери за реализација и имплементација на договорените обврски, не секогаш беше спроведена во практиката. Оценката за процесот на соработка и консултација честопати потфрли, особено поради фактот дека биле договарани некои мерки, а Владата определува сосема други мерки.[74] Сепак, при објавувањето на изјавите од страна на Владата, без

68 Влада на РСМ: Владата и синдикалните организации дефинираа предлози кои се добра основа за решение за спроведување на финансиската поддршка за платите на работниците и за зачувување на работните места. Пристапено на https://vlada.mk/node/21237.

69 Сојуз на синдикатите на РСМ. Координирани средби. Пристапено на https://www.ssm.org.mk/mk/redovna-koordinacija-so-mtsp-dit-inspekciski-sovet-i-gragjanskite-organizacii

70 Писмен одговор од страна на Сојузот на синдикатите на РСМ

71 Сојуз на стопанските комори. „Состојбите во туризмот и во угостителството ќе се подобрат со соработка на Комората и Синдикатот". Пристапено на https://chamber.mk/sostojbite-vo-turizmot-i-ugostitelstvoto-kje-se-podobrat-so-sorabotka-na-komorata-i-sindikatot-2/

72 Сојуз на стопанските комори. Средба Арсовска – Бесими: Со инклузивен процес до решенија за излез од кризата. Пристапено на https://chamber.mk/sredba-arsovska-besimi-so-inkluziven-proces-do-reshenija-za-izlez-od-krizata/

73 Интервју бр. 1, спроведено на 2 февруари 2021 година, со претставник на граѓанска организација

74 Сојуз на стопанските комори. Баравме системски мерки за сите засегнати, а не делумна помош во криза. Пристапено на https://chamber.mk/baravme-sistemski-merki-za-site-zasegnati-a-ne-delumna-pomosh-vo-kriza-2/

исклучок се нагласуваше дека мерките се донесени во соработка и во консултација со граѓанските организации и со другите релевантни актери (синдикатите и бизнис-секторот). Сепак, и покрај консултативниот процес, консултативните заклучоци честопати не биле земени предвид, односно станува збор за привидна или за делумна транспарентност и отчетност.

„Зошто? Затоа што кога ќе ги донесеа мерките, половина од луѓето прво не знаеја каде да ги најдат мерките, не знаеја за кого важат мерките и сметаа дека се напишани на многу нејасен, конфузен и контрадикторен јазик. Ние неколкупати имавме потреба да ни се разјаснат работите. Некој работник кој не разбира право и кој не ги разбира мерките, не знае ни каде да ги најде, односно има проблем. Така, имаше некаква помпа околу донесувањето на мерките, меѓутоа до крајните корисници доаѓаа многу малку корисни информации. па ние моравме повторно да ги дообјаснуваме мерките. Ако јазикот е разбирлив, никој нема да има потреба да дојде кај нас и да бара да му пополни барање и да му се каже каде може да го поднесе.“- Одговор на претставник на граѓанска организација [75]

Сепак, клучна улога за точното и навремено информирање, но за здравствените мерки, е препознаена кај министерот за здравство Венко Филипче, како релевантна и влијателна личност. Но, и во овој период не изостанаа лажните вести и теориите на заговор, кои ја разнишуваа и онака кревката општествено-економска и здравствена состојба.[76] Телевизијата останува да биде главен канал за добивање соодветни, навремени и точни информации, од кои јавноста се информираше за состојбата со пандемијата, донесените мерки, како и за другите информации поврзани со пандемијата. Ова теза се потврдува и со истражувањето на Македонскиот институт за медиуми, кој упатува на заклучокот дека речиси 64,1 % од граѓаните сметаат дека за време на кризата медиумите известувале професионално и непристрасно, додека 35,4 % сметаат поинаку.[77]

И во овој дел, постојат разлики поврзани со социо-економската положба на работниците. Според искуството и податоците, посиромашните работници многу помалку користат интернет. Оваа категорија граѓани многу често размануваат информации и податоци меѓу нив самите, а тоа веројатно се смета за најчестиот начин на комуникација меѓу нив. Меѓутоа, овој начин на пренос честопати дополнително ги доведува до заблуда, поради фактот дека многу мал дел од работниците ги разбираа мерките

75 Интервју бр. 2, спроведено на 5 февруари 2021 година, со претставник на граѓанска организација

76 Влијанието на 5G дезинформациите за време на КОВИД–19 кризата. Пристапено на https://metamorphosis.org.mk/blog/vli %D1%98anieto-na-5g-dezinformacziite-za- vreme-na-kovid-19-krizata/

77 Македонски институт за медиуми. Истражување: Што мислат граѓаните за медиумското известување во текот на пандемијата со КОВИД–19. Пристапено на https://mim.org.mk/mk/novosti/1255-istrazhuvanje-shto-mislat-gragjanite-za-mediumskoto-izvestuvanje-vo-tekot-na-pandemijata-so-kovid-19

или имаа точни информации.[78]

„Проблемот е во тоа што првичното пласирање на информацијата не е доволно јасно. Имаше доста на интернет. Голем број работници знаеја да отидат на сајтовите и да видат. Меѓутоа, дел од нив и кога ќе отидеа и ќе видеа повторно се јавуваа да видат како го толкуваат ова и прашуваа што треба да направам во врска со ова. Не беше баш најјасно." – Извадок од одговор на претставник на граѓанска организација[79]

Без исклучок се потенцира дека клучна мерка која била предложена и имала свое влијание е мерката за субвенционирање на платите на работниците во погодените сектори и истата се покажа како доста ефикасна за спречување на отпуштање на работниците од страна на работодавачите. Но и покрај позитивното влијание, за жал, и таа мерка беше проследена со злоупотреби. Директни критики до Владата беа упатени поради начинот на кој беше спроведена мерката за субвенционирање на платите.[80] И покрај континуираните предупредувања за злоупотребите од страна на одредени работодавачи, работниците повторно беа оставени без плата.[81] Предлог-мерката за директно исплаќање на средствата на сметка на работниците не беше прифатена од страна на Владата[82], а поради краткиот рок и лошата организација и имплементација, крајниот резултат беше дека не се успеа во настојувањето да се обезбеди соодветна помош и поддршка на сите фирми кои земаа државна помош за субвенционирање на платите на работниците.[83]

„Најголемата злоупотреба е во тоа што мерката на хартија изгледа добро, а практичната реализација е катастрофална". - Извадок од одговор со претставник на граѓанска организација [84]

Голем дел од поплаките од страна на работниците до граѓанските организации беа во однос на корекцијата на исплатената плата. Имено, евидентирани се случаи каде што компаниите имаат исплатено плата по 15 денари. Реакциите на граѓанските организации вродиле со плод и благодарение на нив овие недостатоци се надминати. [85]

78 Интервју бр. 1, спроведено на 2 февруари 2021 година, со претставник на граѓанска организација
79 Интервју бр. 1, спроведено на 2 февруари 2021 година, со претставник на граѓанска организација
80 Реакција на Сојузот на синдикатите на РСМ. Пристапено на. https://www.ssm.org.mk/mk/dimovski-ssm-bara-krivichna-odgovornost-za-rabotodavachite-koi-ne-gi-isplatile-14500-denari-dadeni
81 Интервју бр. 2, спроведено на 5 февруари 2021 година, со претставник на граѓанска организација
82 Сојузот на синдикатите на РСМ бара субвенциите за јунската плата да се исплаќаат директно на сметките на работниците. Пристапено на https://www.ssm.org.mk/mk/ssm-bara-subvenciite-za-junskata-plata-da-se-isplakjaat-direktno-na-smetkite-na-rabotnicite
83 Интервју бр. 2, спроведено на 5 февруари 2021 година, со претставник на граѓанска организација
84 Интервју бр. 1, спроведено на 2 февруари 2021 година, со претставник на граѓанска организација
85 Интервју бр. 2, спроведено на 5 февруари 2021 година, со претставник на граѓанска организација

Понатаму, поплаките кои се евидентираат се исто така во делот на искористеноста на мерката за исплата на субвенции на плата од страна на фирмите кои добиле финансиска помош од државата. Многу често работниците не ја добиваа минималната плата и платата за која имаат склучено договор за работа. Меѓутоа, и овде како и кај синдикатите, најголем број поплаки се однесуваат на незаконските отпуштања.[86] За ваквите злоупотреби е побарано преземање најстроги и ригорозни мерки, особено за компаниите кои добивале за финансиска помош од Владата.

И покрај апелите на техничката Влада, сепак истите не допреа до оние на кои се однесуваа.[87] Имено, работниците се доведувани во заблуда на тој начин што се принудени да потпишат спогодбено раскинување на договорот со фирмата. Притоа, работникот го губи правото на надоместок од страна на Агенцијата за вработување, како и правото на отпремнина. Овие податоци не се следат на организиран и системски начин од страна на релевантните државни органи.[88] За граѓанските организации голем пропуст претставува тоа што податоците со кои располагаат државните органи (на пример, 250 спогодбени откази) не им претставува индикатор за реакција и соодветен надзор над работата на таа компанија.[89] За оваа состојба, отворена беше и посебна телефонска линија за давање правна помош од страна на Синдикатот.[90]

Интересно е да се напомене дека голем дел од оние кои се обраќаат на синдикатите се работници кои не се синдикално организирани, со што се оневозможува и дејствувањето на Синдикатот[91]. Големиот број обраќања се од работници кои не се членови на Синдикатот и кои во овие сложени здравствени услови уште еднаш го потенцираа значењето и неопходноста од синдикално организирање и функционирање.[92]

Со прогласувањето вонредна состојба на територијата на целата држава, меѓу другите мерки и акции[93] (здравствени протоколи, ограничување

86 Реакција на Сојузот на синдикатите на РСМ. Пристапено на. https://www.ssm.org.mk/mk/dimovski-ssm-bara-krivichna-odgovornost-za-rabotodavachite-koi-ne-gi-isplatile-14500-denari-dadeni

87 Работниците да не потпишуваат спогодбен отказ од работа, за да можат да користат парична помош во случај на невработеност. Реакција на Министерството за труд и социјална политика. Пристапено на https://www.mtsp.gov.mk/covid-19-ns_article-rabotnicite-da-ne-potpishuvaat-spogodben-otkaz-od-rabota-za-da-mozat-da-koristat-paricna-pomosh-vo-s.nspx

88 Интервју бр. 1, спроведено на 2 февруари 2021 година, со претставник на граѓанска организација

89 Интервју бр. 2, спроведено на 5 февруари 2021 година, со претставник на граѓанска организација

90 Сојуз на синдикатите на РСМ. Пристапено на. https://ssm.org.mk/mk/pobaraj-pravna-zashtita-prijavi-po-telefon

91 Анализа за улогата на синдикатите во време на пандемијата со КОВИД-19. Сојуз на синдикатите на РМС. Пристапено на. https://www.ssm.org.mk/mk/analiza-za-ulogata-na-sindikatite-vo-vreme-na-pandemija-so-kovid-19

92 Писмен одговор од страна на Сојузот на синдикатите на РСМ

93 Првомајски проглас на синдикатите и организациите. Пристапено на https://glasnik.mk/prvomajski-proglas-na-sindikati-i-organizacii/

на движењето и сл.), значајни беа акциите во насока на зачувување на работните места, односно барањата за кривична одговорност на фирмите кои користеле државна финансиска поддршка, а не им исплатиле плати на своите вработени. Во таа смисла, имаше заедничка реакција на синдикатите[94] и на граѓанските организации[95], во форма на реакции спротивни на договореното заедничко дејствување.[96]

Испитаниците посочија дека една од тие мерки кои се прифатени од страна на Владата е и продолжувањето на породилното отсуство на бремените жени. Успех е и мерката за надоместок за задолжително осигурување при невработеност. По нивно барање, со оваа мерка ќе бидат опфатени сите работници, па дури и оние кои со спогодба го прекинале работниот однос, значителен број работници кои се опфатени и добиле соодветна заштита, односно го оствариле правото на паричен надоместок. Без прифаќање на ваквата социо-економска мерка, голем број работници немаше да го остварат ова право.[97]

Според нив, мерките се донесени релативно брзо, без притоа соодветно да се следи нивната имплементација и навремено да се реагира доколку некои од граѓаните се во незавидна социо-економска состојба.[98]

7.1 Улогата на Сојузот на стопанските комори

Со слични предизвици се соочуваше и Сојузот на стопанските комори. Според искуството, дисеминацијата на информациите од надлежните институции до јавноста, како и до реалниот сектор, не е секогаш на потребното ниво. Многу често се пласираат нецелосни информации во кои нема прецизно објаснување за начинот на постапување или остварување на некои права за стопанството и за граѓаните. Исто така, поради честите промени на регулативата поврзана со остварувањето на правото на користење на економските мерки[99], се создава правна несигурност и, во

94 Сојуз на синдикатите на РСМ. Мораше да се спречи со државни пари да се збогатат газдите на грбот и на маката на работниците. Пристапено на https://www.ssm.org.mk/mk/morashe-da-se-sprechi-so-drzhavni-pari-da-se-zbogatat-gazdite-na-grbot-i-makata-na-rabotnicite

95 Реакција на граѓанските организации. Кривична одговорност за фирмите кои користеле државна финансиска поддршка, а не им исплатиле плати на своите вработени. Пристапено на http://s-front.org.mk/2020/07/29/krivichna-odgovornost/

96 Синдикати и граѓански организации: Третиот пакет мерки е потврда дека Владата не ги почитува работниците. Пристапено на https://akademik.mk/sindikati-i-graganski-organizatsii-tretiot-paket-merki-e-potvrda-deka-vladata-ne-gi-pochituva-rabotnitsite/

97 Интервју бр. 1, спроведено на 2 февруари 2021 година, со претставник на граѓанска организација

98 Интервју бр. 2, спроведено на 5 февруари 2021 година, со претставник на граѓанска организација

99 Сојуз на стопанските комори. Без консултации, мерките постојано непотребно се менуваат и се креираат забуни Пристапено на https://chamber.mk/bez-konsultacii-merkite-postojano-nepotrebno-se-menuvaat-i-kreiraat-zabuni-2/

одредени случаи, неможност за остварувањето на правото.[100]

Според бизнис-секторот, помошта што е издвоена за реалниот сектор е мала, споредбено со земјите во регионот и пошироко.[101] Сепак, и онаа помош којашто беше понудена помогна во зачувувањето на одреден број работни места и во одржувањето на деловната активност на правните субјекти. Секторот очекува дека државните институции ќе презентираат детална анализа за ефектот од усвоените мерки пост нивната имплементација[102].

Според последната анкета, што ја спроведе бизнис-заедницата меѓу своите членови, најискористена мерка е субвенцијата за исплата на плати, грантовите како неповратна помош кои беа наменети за поддршка на најпогодените сектори и кредитите со субвенционирана камата. И тука, како и кај граѓанските организации, најмногу поплаки од членовите се забележани во однос на условите за аплицирање, кои за одредени економски мерки беа рестриктивни, како и околу постапката за аплицирање која од нивна страна беше оценета како комплицирана. За сите овие поплаки било реагирано до Владата, каде што дел од забелешките биле прифатени, а недостатоците биле отстранети.[103]

Што се однесува до мерките донесени за реалниот сектор, процесот на носење почнуваше под притисок на јавноста за нивната неопходна потреба. Претставниците кои ги интервјуираше истражувачкиот тим известија дека нивната улога и реакција била проактивна и во консултација со своите членови, земајќи ги предвид нивните потреби и состојбата во која се наоѓаат и за секој пакет мерки доставуваа до Владата свои предлози, дискутирани за заедничка средба со владините претставници[104].

Како и кај претставниците на граѓанските организации, и кај бизнис-заедницата се критикува тоа што финалната верзија на пакетот мерки најчесто беше споделувана во последен момент, без притоа да се остави доволно време и простор за реакција. Првите 3 пакети мерки беа неинклузивни, во најголема мера, без доволно време за дискусија, додека во последните два пакета процесот е значително подобрен, иако проблемите во фазата на имплементација остануваат. Меѓутоа, помошта која е издвоена за реалниот сектор е мала во споредба со земјите во регионот и пошироко. Сепак, таа помогна во зачувувањето на одреден број работни места и одржување на деловната активност на правните субјекти.[105]

100 Одговор по писмен пат од Сојузот на стопанските комори на РСМ
101 Сојуз на стопанските комори. Итно да се обезбеди финансиска поддршка за претпријатијата. Пристапено на https://chamber.mk/itno-da-se-obezbedi-finansiska-poddrshka-za-pretprijatijata/
102 Одговор по писмен пат од Сојузот на стопанските комори на РСМ
103 Одговор по писмен пат од Сојузот на стопанските комори на РСМ
104 Одговор по писмен пат од Сојузот на стопанските комори на РСМ
105 Одговор по писмен пат од Сојузот на стопанските комори на РСМ

За сите три економски пакети кои се дел од истражуваниот период, кои ги носеше Владата, се доставувани предлог-мерки засновани на реалните потреби на деловните субјекти и квалитетна анализа базирана врз сондажата на членството.

За четвртиот пакет, еден од предлозите на бизнис-заедницата е олеснет пристап до бескаматните кредити за покривање на варијабилните трошоци, како што се оние за тековните оперативни потреби, потранспарентно промовирање на кредитните линии и обезбедување национална гарантна шема за поддршка на претпријатијата при кредитирањето.[106] Меѓу другите мерки се наведува и директното и неселективно продолжување на мерката месечна финансиска помош од 14.500 денари до март 2021 година, одложување на сите даночни долгови за 2020 година (истите да се плаќаат на рати, без камата), а во таа смисла и еднаков третман на сите угостители.[107]

Попрецизно, се побара репрограмирање на кредитите, ослободување од плаќање на аконтациите за даноци и другите финансиски оптоварувања до крајот на годината, одложување на поднесувањето завршни сметки и финансиски извештаи, ефикасна и ефективна борба со сивата економија. Посебни финансиски мерки се бараа за секторите угостителство, туризам и транспорт.

Една од најважните мерки која не беше прифатена е изготвувањето протоколи за работа во услови на пандемија за сите дејности од националната квалификација, а особено кај организаторите на прослави и свадби. Преку официјални дописи и прес-конференции, јавно се бараше Комисијата за заразни заболувања да ги изготви овие протоколи.[108] Во практиката се обезбедуваше поддршка за период од три месеци, а потоа додека да се донесе новиот пакет се случуваше и по два месеца правните субјекти да бидат оставени без помош. Исто така, барањето да се демонстрира повидлива борба со сивата економија е нереализирано, бидејќи тоа - како индиректна кризна мерка - ќе беше голема помош за регистрираните бизниси, но и ќе значеше значителен приход во државниот буџет.[109]

106 Сојузот на стопанските комори. Предлог на 25 мерки за економски спас. Пристапно на https://chamber.mk/sojuzot-na-stopanski-komori-predlozhi-25-merki-za-ekonomski-spas/

107 Реакција на Сојузот на стопанските комори. Да не се казнуваат сите угостителски објекти поради поединечни прекршители. Пристапено на https://chamber.mk/da-ne-se-kaznuvaat-site-ugostitelski-objekti-zaradi-poedinechni-prekrshiteli/

108 Реакција на Сојузот на стопанските комори. Да се донесат протоколи за угостителите. Пристапено на https://chamber.mk/za-del-od-ugostitelite-ushte-nema-protokoli-komisijata-itno-da-gi-donese-za-da-se-prevenira-haos/

109 Одговор по писмен пат од Сојузот на стопанските комори на РСМ

8 ЗА ВЛИЈАНИЕТО НА МЕРКИТЕ ВРЗ УГОСТИТЕЛСКО-ТУРИСТИЧКИТЕ ОБЈЕКТИ И НИВНАТА ОДРЖЛИВОСТ

Директните корисници на мерките и нивното искуство е можеби најрелевантен индикатор за мерење на влијанието и успешноста на донесените мерки од страна на Владата. За таа цел, истражувачкиот тим изврши серија длабински интервјуа со претставници на угостителско-туристичкиот сектор во три региони во РСМ -Југоисточен Регион, Полошки Регион и Југозападен Регион.

Во рамките на истражувањето беа интервјуирани сопственици на угостителски објекти кои имаат работно искуство повеќе од 10 години. И покрај значајното професионално искуство, дел од нив не членуваат во здруженија, комори или во други форми на колективно здружување. Но, дел од нив членуваат во здруженија и стопански комори во секторот на својата дејност. Начинот на зачленување и комуникацијата меѓу членовите и здруженијата/коморите, за време на истражувачкиот период, се одвивале преку социјалните интернет-апликации.

Секција 1: Транспарентност на социо-економските мерки

Главен извор на информации во врска со КОВИД–19 (во смисла на ризиците, препорачаните превентивни мерки, стратегиите за справување, како и донесените мерки поврзани со угостителството) најчесто се информациите што се добиваат од известувањата од колеги од угостителско-туристичката заедница, стопанските комори, но и од телевизијата, како официјален извор на информации на кој најмногу му се верува. Информациите се проверувани откако ќе излезат во „Службен весник“.

Угостителите користат и социјални апликации во кои честопати споделуваат информации и меѓу себе се консултираат и се дополнуваат. Сепак, и во овој дел, соодветните информации за донесените мерки честопати се добиваат и од професионалците од сметководствените бироа, во делот на процедурите за мерките за кои се заинтересирани угостителите.

Во однос на вклученоста во процесот на креирање на мерките на Владата, не биле вклучени угостителите (7). Значајно е да се напомене дека на угостителите од Полошкиот Регион им било понудено пристапување кон здружение или комора, но поради одредени резерви и сомнежи, тој процес не е формално-правно реализран.

„Последно што беше е еден состанок со Стопанската комора на Македонија за Западна Македонија, на која добивме една понуда да станеме нивни членови и ние немаме ништо против тоа. Но, гледајќи сè што се случува околу нас досега, ние бевме многу резервирани во однос на тоа од кого бараме помош, на кој начин се обраќаме и на кои институции и сл.“ - Извадок од интервју[110]

Оние кои членуваат (2), биле индиректно вклучени во креирањето на мерките. Преку доставени 4–5 анкетни прашалници, дел од угостителите имале можност да дадат свои предлози за мерките и за потребите на угостителскиот сектор. Доставените предлози и мерки се анализирани и, како извештај, се доставени до Владата.

„Синдикално, до пандемијата ние не бевме организирани - ниту некој ни пристапи, ниту пак ние покажавме интерес за тоа. Потоа се формираше синдикатот и тој почна да функционира. На тој начин нè вклучија. Значи, тоа не беше во март, туку ние почнавме да дејстствуваме веќе во април.“ – Извадок од интервју [111]

Мислењата на угостителите околу транспарентноста на мерките и начинот на донесување се разликуваат во одредена мера. Поголем дел (7) од нив сметаат дека мерките се донесени на нетранспарентен начин, нејасно и во голема мера ненавремено и со задоцнување. Отсуството на јасни и точни процедури има директно влијание врз работата на угостителите во однос на организацијата на работата, како и квалитетот, особено поради зголемените посети од страна на инспекциските служби. Навремената и јасна процедура за тоа како и на кој начин ќе се спроведуваат мерките, би била од клучна помош и поддршка за угостителите и за нивната работа.

„Мерките не беа јасни, моравме да бараме објаснување.“ - Извадок од интервју[112]

110 Интервју бр. 4, спроведено на 14 февруари 2021 година, со сопственик на угостителски објект во Југозападниот Регион

111 Интервју бр. 8, спроведено на 22 февруари 2021 година, со сопственик на угостителски објект во Југоисточниот Регион

112 Интервју бр. 7, спроведено на 20 февруари 2021 година, со сопственик на угостителски објект во Југоисточниот Регион

„Тие мерки ги правел некој што нема допирна точка со угостителскиот сектор. Многу е лесно на некој да му кажете како треба да работи, ама дојдете и изработете онака како што тие налагаат. Мислам дека угостителите воопшто не биле прашани.“ – Извадок од интервју[113]

„На пример, се кажува дека ова и ова треба да биде неофицијално и веќе од сите страни се зборува за тоа дека ќе биде донесено... И тоа се донесува, обично многу доцна навечер, па ние не знаеме како да постапиме.“ – Извадок од интервју[114]

Дел од нив (7) сметаат дека донесените економски мерки биле јасни, прецизни и разбирливи. И покрај ваквата делумна транспарентност, сопствениците на угостителските објекти сметаат дека донесените економски мерки им помогнале да ја надминат тешката, несигурна и нестабилна состојба за нивната работа.

Сепак, мерките и околностите што се наметнаа имаа големо влијание врз угостителскиот сектор. Комплетното затворање на ресторанте, како и другите рестриктивни мерки (како ограниченото работење и полицискиот час), ги доведе во многу незавидна позиција, без никаква работа или промет. Тоа особено го почувствуваа самите вработени и сезонските работници кои се ангажирани од страна на угостителите. За оние во чија сопственост се објектите, тоа претставува олеснителна околност, пред сè поради отсуството на дополнителни трошоци за кирија.

„Трошоците се исти, мора да платиш сметки, кирија... Ние отсега се спремавме за летната сезона, за сезонски работници, но сега засега не можеме да направиме ништо. Ако и ова лето мерките останат вакви – да работиме до 18.00 часот - нема да ни требаат сезонски работници.“ – Извадок од интервју[115]

Мерката што се однесува на протоколите за тоа колку лица треба да седат на маса, за угостителите е нејасна, непрецизна и нелогична. Забуната што се направи со прогласувањето на оваа мерка, во целост не соодветствуваше со реалноста. Угостителите беа донесени во многу непријатни и насилни состојби, кои се спротивни на нивните професионални и вредносни основи. Дополнително, влијание и притисок имаше и од страна на гостите.

113 Интервју бр. 10, спроведено на 14 февруари 2021 година, со сопственик на угостителски објект во Полошкиот Регион

114 Интервју бр. 11, спроведено на 21 февруари 2021 година, со сопственик на угостителски објект во Полошкиот Регион

115 Интервју бр. 8, спроведено на 22 февруари 2021 година, со сопственик на угостителски објект во Југоисточниот Регион

За угостителите е многу поважно да се почитува здравствениот протокол на одржување соодветна социјална дистанца, отколку тоа колку лица ќе седат на маса.

„Доаѓаат маж, жена и три деца. Што да му правам на едно од децата? Инспекцискиве служби се категорични дека таа е бројка треба да биде 4. Во тој дел се можеби контрадикторни. Буквално, тие доаѓаат од една куќа, доаѓаат или се возат со една кола, а ти не можеш да ги примиш.“ - Извадок од интервју[116]

„Прво беше многу лошо тоа што келнерот требаше да ги идентификува гостите, што е спротивно на Законот за заштита на личните податоци. Не може неовластен човек да те идентификува. Второ, законски на една маса можат да седат максимум четворица, а јас гледам дека од кола излегуваат петмина. Значи, јас треба да ги делам. Згора на сè, имаме проблем со луѓе кои се арогантни и кои ми велат: Нека дојде полиција и нека ме избрка. Значи, на ова не се мислело, и нас нè ставија во многу несакани ситуации - сами да се справуваме со луѓето, што не е убаво. Десет години работиме на нашиот имиџ, а со еден гест можеме да изгубиме сè, поради нечија вина и непочитување.“ – Извадок од интервју [117]

„Ние, искрено, не поради КОВИД, туку и пред КОВИД, многу внимаваме на хигиената, Внимаваме како е сервирана храната и како ги послужуваме луѓето. Сега не може да се случи некој да допре храна, без да стави ракавици. И сите тие стандарди ние ги применувавме и пред короната. А тоа со сигурност направи луѓето уште повеќе да ни веруваат.“ – Извадок од интервју [118]

Најголемиот проблем со кој се соочуваат угостителите се временските рестриктивни мерки, кои се често менливи, па тоа бара реорганизација на работата. Според нив, нелогична е ограниченоста за работа на угостителските објекти до 18.00 часот, пред сè и најмногу поради фактот дека дел од гостите доаѓаат по 19.00 часот, кога угостителите можат да направат повеќе од 50 % од прометот.

За нив, овие два до три часа се можност да заработат и да можат да ги надоместат побарувањата и трошоците. Ваквото кратење во суштина ги на-

116 Интервју бр. 12, спроведено на 24 февруари 2021 година, со сопственик на угостителски објект во Полошкиот Регион

117 Интервју бр. 10, спроведено на 14 февруари 2021 година, со сопственик на угостителски објект во Полошкиот Регион

118 Интервју бр. 11, спроведено на 21 февруари 2021 година, со сопственик на угостителски објект во Полошкиот Регион

малува и смените и работниците, а следствено на тоа и прометот. Согласни се (9) дека работењето подоцна, односно ноќните забави, не треба да се организираат. Тие сметаат дека работата до 21.00 часот им обезбедува подобра сигурност на работните места и целокупната работа на нивната фирма. Сите се надеваат дека работното време, особено во пролетниот и летниот период, ќе се уреди така што соодветно ќе се зголеми и ќе им даде можност за работа и за заработувачка.

„Буквално ти крати една смена и имаш еден сезонски работник помалку. Во врска со ноќните забави, тоа е апсолутно во ред, нека ги нема. А ова со саатниците и со бројот на лица на една маса е малку проблематично, особено за нас кои треба да го спроведеме." - Извадок од интервју[119]

„Генерално, не се почитува ништо, мислам дека луѓето немаат капацитет да ги испочитуваат протоколите и мерките." - Извадок од интервју [120]

Од своето професионално искуство тие тврдат дека постои можност за непочитување на мерките по 21 часот и веројатност дека „ќе се крене атмосферата". За угостителите од Југоисточниот Регион донесените мерки за ограничено работно време и полициски час и не значат многу, поради фактот дека вон сезоната угостителите работат до 21 часот. За оние, пак, во Полошкиот и во Југозападниот Регион, временските ограничувања имале големо влијаеле.

Сепак, угостителите од Полошкиот Регион истакнуваат дека правилата и мерките не се почитуваат.

„Овие мерки што ги воведоа за работа до 21 часот нам не ни значат ништо, зашто ние во февруари и онака затворавме во 20 часот или во 19 часот. Значи, тие мерки за нас не се никаков проблем. Тие мерки може да важат за Скопје, но не и за Охрид, бидејќи во Охрид нема луѓе. Во Охрид има луѓе само за викенд или ако дојде некој странец." - Извадок од интервју[121]

Дополнително, одредени угостители (3), покрај трошоците за дезинфекција и за маски за сите вработени, имаат дополнителни трошоци за обезбедување и за тестови за сите вработени, поради претпазливост. Дел од угостителите се и сопственици на ресторани, а за нив протоколите

119 Интервју бр. 12, спроведено на 24 февруари 2021 година, со сопственик на угостителски објект во Полошкиот Регион

120 Интервју бр. 11, спроведено на 21 февруари 2021 година, со сопственик на угостителски објект во Полошкиот Регион

121 Интервју бр. 6, спроведено на 15 февруари 2021 година, со сопственик на угостителски објект во Југозападниот Регион

за безбедност при работа при служење храна не се новина и истите ги спроведуваат овие протоколи и мерки веќе подолг временски период.

Искуствата се подделни. За угостителите од Југоисточниот Регион, мерките се одразија позитивно на работењето на нивните фирми, додека за угостителите во Полошкиот и во Југозападниот Регион дел мерките се несоодветни. Причина за тоа е несоодветната регулација и непрецизно утврдената фактичка состојба во угостителскиот сектор. Имено, угостителите (6) сметаат дека неточно утврдената состојба во врска со ликвидноста на фирмата и потребата од помош и поддршка од страна на државата, лажно се прикажува и се злоупотребува. Дополнително, угостителите (6) сметаат дека дел од мерките (на пример, мерката бескаматен кредит) се несоодветни во време на несигурност. Во овој момент, најголема помош и поддршка е потребна за фирмите кои работат на организирање свадби и друг вид прослави.

„Лошо е што сме обврзани да вратиме дел од средствата, а во моментов ние не сме ликвидни за да го сториме тоа.“ - Извадок од интервју[122]

Во врска со почитувањето на донесените протоколи за работа, угостителите се под редовен надзор од страна на контролните и инспекциските служби за проверка на почитување на мерките. Претставници од Управата за јавни приходи и Пазарниот инспекторат го следеа и го оценуваа почитувањето на протоколите, а односот и начинот на комуникација и соработка е оценет како квалитетен (4), но има и угостители кои биле под дополнителен притисок од страна на овие служби (5). За угостителите е многу важно инспекциските контроли да бидат во служба на граѓаните и во служба на бизнисот, со оглед на значителното искуство и придонес што го има самиот сектор.

„Секојдневно имаше инспекции. Финансиска полиција, Пазарен инспекторат... Значи, секојдневно си ги имавме тие инспекции и постојано нè прашуваа зошто немаме промет. Па како да имам промет кога немам работа. Финансиска полиција да ти влезе во ова време е страшно нешто. Ние едвај преживуваме и едвај успеваме да исплатиме плати. А ним не им е јасно како нема промет. Тие го споредуваат Охрид со Скопје. Не можеш да го споредиш Охрид со Скопје. Скопје е метропола, а Охрид е мртво место. Ако нема странски туристи Охрид е мртво место.“ - Извадок од интервју[123]

122 Интервју бр. 4, спроведено на 14 февруари 2021 година, со сопственик на угостителски објект во Југозападниот Регион

123 Интервју бр. 6, спроведено на 15 февруари 2021 година, со сопственик на угостителски објект во Југозападниот Регион

Угостителите сметаат дека покрај казнената инспекцијата има и своја просветителна и едукативна улога. Секогаш, има простор да се најде неправилност и грешка, но важен е пристапот кој се базира на разбирање и почитување, но за сите подеднакво. Најголема забелешка која ја истакнаа угостителите кои учествуваа во длабинските интервјуа е соработката со инспекциите. Според нив, односот и динамиката со која се спроведуваат инспекциите бил непрофесионален и некоректен. Угостителите од Југозападниот и од Полошкиот Регион имаа забележливи критики за начинот на кој инспекциските органи во овој регион ја вршеле својата должност, не земајќи ги предвид ризиците и штетите со кои се соочуваат угостителите.

„Мене ми е многу важно инспекцијата и полицијата да се во служба на бизнисите и на луѓето и да функционираат на таков начин. Не може тие да дојдат и по секоја цена да ти најдат грешка, затоа што грешки секогаш има. Тие треба да нè едуцираат за еден ден воопшто да нема грешки. Нивната улога треба да биде повеќе едукативна."- Извадок од интервју[124]

„Генерално, моето искуство во пандемијата е катастрофа. Мерките беа такви какви што беа, но инспекциите.... Секојдневно имаше инспекции. Финансиска полиција, Пазарен инспекторат.. Секојдневно имавме инспекции." - Извадок од интервју[125]

Секција 2: Искористеност на социо-економските мерки

Во почетокот на пандемијата, значителен дел од угостителите (8) работеа со загуби. Пандемијата КОВИД–19 и рестрикциите што таа природно ги наметна, како социјална дистанца, отежнато патување или високи критериуми и барања за патувања, влијаеја многу интензивно врз угостителските и туристичките оператори.

„Со оглед на нашиот буџет и состојбата со нашата економија, мислам дека тоа што ни беше понудено и дадено е максимумот што можеше да се извлече -бескаматни кредити, субвенционирање на платите и поврат на туристичката такса за 2019." - Извадок од интервју[126]

Сопствениците презеле одредени мерки со цел да се намали штетното влијание на КОВИД–19 врз нивниот бизнис. Во месец март 2020

124 Интервју бр. 10, спроведено на 14 февруари 2021 година, со сопственик на угостителски објект во Полошкиот Регион

125 Интервју бр. 4, спроведено на 14 февруари 2021 година, со сопственик на угостителски објект во Југозападниот Регион

126 Интервју бр. 6, спроведено на 15 февруари 2021 година, со сопственик на угостителски објект во Југозападниот Регион

угостителите беа принудени комплетно да ги затворат своите угостителски објекти, иако меѓу нив имаше и такви кои направиле одредени инвестиции во 2019 година, а во „пандемиската година“ се соочиле со големи потешкотии во прикривањето на трошоците.

„Претпријатието навистина трпи загуби, како и сите други угостители кои се 100-процентно затворени. Тоа се нашите колеги кои работат свадби прослави, родендени. Ако земат бескаматен кредит, тоа е како на човек да му даваш камен за да се фрли во вода и да потоне подлабоко,затоа што тие средства ќе мора да се вратат. Тоа беа двете мерки што беа донесени за нас, угостителите. Едната беше мерката за поддршка за плати, а другата за грантовите што ги даваа за бескаматните кредити. Тие две мерки беа наменети за поддршка за угостителите. Друга поддршка немавме.“ - Извадок од интервју [127]

Она што е најмалку посакувана опција во вакви околности и која како нужна била преземена од страна на дел од угостителите е намалувањето на персоналот. Покрај намалените месечни примања и намалениот број часови, дел од нив биле принудени да го намалат и бројот на своите вработени. Угостителите во Југоисточниот Регион успеаја да го задржат своите вработени, за разлика од угостителите во Југозападниот и во Полошкиот Регион, кои по извесен период биле принудени да го преземат и овој чекор.

„Ние имаме 10 вработени - и пред и по пандемијата. Не отпуштивме никого. Тоа се луѓе кои работат кај нас многу долго. Нема логика да ги отпуштиме. И тие имаат свои фамилии. Трошоците си остануваат исти. 100 евра ни е само отворање на кафеаната, дневно. Вода, струја, нема како да заштедиш. Ние го земаме тој кредит за да покриеме дел од трошоците. Но колку може да трае ова? Вака,не е одржливо.“ - Извадок од интервју[128]

Дел од нив и ги задржале вработените (5), но за да ги покријат трошоците аплицирале за кредит, а дел ги покриваат трошоците од своите лични примања. (2)

„Си извадивме пари од џеб, си ги плативме трошоците и се справивме со кризата. Околу 2 до 2,5 месеци бевме комплетно затворени.“ – Извадок од

127 Интервју бр. 7, спроведено на 20 февруари 2021 година, со сопственик на угостителски објект во Југоисточниот Регион

128 Интервју бр. 4, спроведено на 14 февруари 2021 година, со сопственик на угостителски објект во Југозападниот Регион

интервју[129]

Намалување на вработените се случило кај повеќе од 50 % на вработените. Ваквата состојба наведува дека веројатноста да се ангажираат сезонски работници е незамислива. За време на истражувачкиот период, кој истовремено е и најголема криза за угостителите, зачувувањето на работните места на целиот персонал и исплатата на минимални плати, односно плати од 50 %, се смета за голем резултат. Во овој период и самите сопственици биле дел од работната динамика, односно ги извршувале работните задачи како и другите вработени.

„Во бизнисот има едно правило - газдата на компанијата е последниот што ќе си оди од работа. Значи, ќе се избркаат сите други и на крај си оди и тој. Останаа сите вработени, иако имаше моменти кога добивме само по 50 % плата (сите вработени, заедно со мене). Во оние моменти кога воопшто не работевме, ние исплативме по 50 % од платите, а кога почнавме да работиме додадовме и нешто плус.. Значи горе- долу, ние - во глобала - во времето кога имаше најголеми рестрикции сме исплаќале околу 70 % од платите.“ – Извадок од интервју [130]

Сепак, и покрај ваквата состојба, трошоците што ги имаат сопствениците на угостителските објекти се задолжителни и обврзувачки и тоа не е менлива категорија, особено за оние угостители кои треба да ја платат месечната кирија што во суштина претставува фиксен трошок. И овде, како и кај вработените, дел од угостителите беа принудени да ги покријат трошоците од личните приходи.

„Ние сме ресторан и периодот на пандемијата го доживеавме тешко. Во 2019 година вложивме во ресторанот, го реновиравме, но една нарачка од дома ни го зголемуваше прометот во 2019 година. Така беше некои 4 до 5 месеци откако реновиравме и бевме комплетно затворени. Ние тешко ја поднесовме целата таа ситуација, но тоа е што е, не сме само ние, целиот сектор се соочуваше со тоа.“ – Извадок од интервју[131]

„Профитот е приближно ист. Не е како профитот во 2019, ама ви велам ние сме сепак задоволни. Како се надевавме, добро излезе, затоа што

129 Интервју бр. 9, спроведено на 20 февруари 2021 година, со сопственик на угостителски објект во Југоисточниот Регион

130 Интервју бр. 5, спроведено на 16 февруари 2021 година, со сопственик на угостителски објект во Југозападниот Регион

131 Интервју бр. 9, спроведено на 20 февруари 2021 година, со сопственик на угостителски објект во Југоисточниот Регион

бевме многу исплашени, затоа што имаш и објект под кирија и за тоа имаш дополнителни трошоци. Го почувствувавме и недостигот на странски туристи. Ние пред пандемијата имавме гости од Грција, Србија, Бугарија и го почувствувавме нивното отсуство. Недостигот на странски туристи го надоместија нашите туристи, кои летото се одмораа со ваучерите за туризам што државата им ги даваше на граѓаните. Оттаму, можам да кажам дека добро поминавме. Ние се надевавме на многу полошо." – Извадок од интервју[132]

„Меркате за плати не нè опфаќаат нас, а за мерките за бескаматни кредити немаше потреба. Кредити не ни помислуваме да земеме, поради тоа што со кредити не ни помислуваме да си имаме работа. Во однос на мерките, ние не спаѓавме во тие групи и категории, односно не ги исполнувавме условите. Летото беше добро за нас. Мислевме дека ќе биде многу полошо, ама задоволни сме. Ваучерите за туризам што ги даде Владата многу ни помогнаа. Со тие ваучери за туризам во Дојран дојде повеќе народ. Всушност, народот немаше избор, немаше каде да оди. Добро поминавме! Како се надевавме, добро поминавме!" – Извадок од интервју[133]

Најчеста мерка што ја искористиле угостителите е мерката помош за исплата на минимална плата (5), а дел од нив аплицирале и добиле бескаматен кредит (3). Сепак, има и угостители кои воопшто не ги искористиле мерките (3) донесени од Владата, па за покривање на трошоците аплицирале за кредит во банките и на тој начин ги покриле своите трошоци, а дел од нив инвестирале во приспособувањата потребни за и околу спроведување на донесените мерки, како дезинфекции, обезбедување дистанца и слично. Поради одредени ограничувања и неисполнување на поставените критериуми, дел од сопствениците не биле во можност да ги искористат донесените мерки (3). Она од што се најзадоволни угостителите се ваучерите за туризам, со кои Владата им помогнала да ја поминат туристичката сезона без големи загуби (3).

Значајно е да се напомене дека дел од угостителите (4) сметаат дека е важно соработката и комуникацијата меѓу овој бизнис-сектор и Владата да биде константна и интензивна. Но, бидејќи тоа не е така во мирнодопски услови, а уште помалку во услови на криза и пандемија од ваков обем, угостителите сметаат дека таквиот резултат ќе биде погубен, со констатација дека сите во овој сектор се исти. Напротив, потребна е точна евиденција и

132 Интервју бр. 8, спроведено на 22 февруари 2021 година, со сопственик на угостителски објект во Југоисточниот Регион

133 Интервју бр. 7, спроведено на 20 февруари 2021 година, со сопственик на угостителски објект во Југоисточниот Регион

статистика од страна на државата, со цел да се утврди фактичката состојба и да можат да се преземат и да се определат соодветни мерки. За оние кои ја злоупотребиле помошта треба да има соодветен одговор, но истовремено да не се генерализира дека сите угостители се такви.

„Ние имавме информации, а можевме и да прочитаме во весниците, дека некои ги злоупотребувале мерките. Затоа е неопходно да се има многу подобра статистика од страна на владата и државата во целина.“ - Извадок од интервју[134]

Достапноста на овие мерки за угостителите од Полошкиот Регион била придружена со потешкотии, односно тие истакнаа дека апликацијата била блокирана и дека биле принудени да се снаоѓаат како знаат и умеат. За угостителите од Југоисточниот Регион, пак, пристапот бил едноставен и брз. Поради можноста да се аплицира онлајн, сопствениците кои аплицирале го направиле тоа на многу едноставен начин.

„Страницата на апликацијата беше блокирана цело време. Бевме препуштени сами на себе.“ - Извадок од интервју[135]

„Тоа беше 5 минути апликација. Цела постапка траеше 5 минути. Полесно здравје. Онлајн се аплицираше бараа некои документи, тековна состојба и некои други документи. Знам дека 2 до 3 документи, одење до Скопје и толку беше. Одењето до Скопје беше само за да се потпише договор и парите беа легнати на сметка.“ - Извадок од интервју[136]

„Финансиска помош? Каква финансиска помош? Имаме поднесено барање за бескаматен кредит со грејс-период пред 3 месеци и сè уште немаме добиено одговор. Значи, овде е „кој преживее, ќе раскажува.“ - Извадок од интервју[137]

Најмогу загрижува тоа што централната власт не е ажурна во насока на целосно спроведување на мерките и обезбедување на крајните корисници, во овој случај од угостителско-туристичкиот сектор, и обезбедување на поддршката што е промовирана и наменета за нив. Сепак, и покрај загубите, угостителите од Југоисточниот Регион го почувствувале недостигот и

134 Интервју бр. 10, спроведено на 14 февруари 2021 година, со сопственик на угостителски објект во Полошкиот Регион

135 Интервју бр. 11, спроведено на 21 февруари 2021 година, со сопственик на угостителски објект во Полошкиот Регион

136 Интервју бр. 9, спроведено на 20 февруари 2021 година, со сопственик на угостителски објект во Југоисточниот Регион

137 Интервју бр. 4, спроведено на 14 февруари 2021 година, со сопственик на угостителски објект во Југозападниот Регион

отсуството на туристи од Србија, Бугарија и од Грција, но тој недостиг бил „пополнет“ од страна на домашните туристи, кои ги користеле ваучерите за туризам обезбедени од државата. Иако такви туристи имаше и во Југозападниот Регион, сепак угостителите изразија разочараност за начинот на кој им е обезбедена помошта од страна на Владата.

На прашањето кој е најголемиот проблем со кој се соочува нивниот бизнис во моментов, односно кои се најголемите грижи за нивниот бизнис во моментов, голем дел од угостителите (8) укажаа на тоа дека тоа се ликвидноста и неизвесноста од тоа што се очекува во претстојнава сезона, а како најлош можен случај или опција за нив, како крајна цел, е затворањето на објектите.

Секција 3: Ефекти од социо-економските мерки

Во случај на продолжат рестриктивните мерки поврзани со ширењето на КОВИД–19, угостителите се скептични во однос на иднината и опстанокот на својата компанија. Според своите пресметки, тие во 2020 година имаат пад на прометот за повеќе од 50 %. Од мерките, значителна помош за угостителите е исплатата на минимална плата за вработените, но и за тоа има забелешки, бидејќи истата не е одржлива. Кризата со која брзо и неподготвено директно на удар се најдоа угостителите, ги доведе во позиција брзо да донесуваат одлуки и да ризикуваат.

„Ќе се соочиме со затварање на нашиот бизнис и со отпуштање на вработените.“ - Извадок од интервју[138]

Доколку продолжат рестриктивните мерки поврзани со ширењето на КОВИД–19, најверојатно е дека угостителите нема да можат да го издржат тој удар. Доколку со затоплувањето не се укинат рестриктивните мерки, односно доколку се продолжи работното време, во такви околност може да се смета дека ќе имаат работа и дека полесно ќе го поминат наредниот период. Имено, дел од нив сметаат дека Владата, имајќи ја предвид економската состојба во земјата, им дала максимална помош и поддршка, барем во тоа што директно ги засега и ги таргетира.

„Во моментов се надеваме и се подготвуваме за претстојнава сезона.“ - Извадок од интервју[139]

138 Интервју бр. 6, спроведено на 15 февруари 2021 година, со сопственик на угостителски објект во Југозападниот Регион

139 Интервју бр. 5, спроведено на 16 февруари 2021 година, со сопственик на угостителски објект во Југозападниот Регион

Различни се и мислењата во врска со предлозите и мерките што би требало да ги донесе Владата, врз основа на предлози од страна на угостителските субјекти за полесно справување со кризата што ја предизвика пандемијата КОВИД–19.

Угостителите од Југоисточниот Регион сметаат дека мерките кои беа предложени треба да продолжат, во смисла на ваучери за туризам, помош во исплатата на плати, работно време до 18, односно до 21 часот, бидејќи има одреден позитивен ефект во работата на секторот, но оние од Полошкиот Регион сметаат дека е потребна поголема транспарентот и инклузивност во процесот на донесување на мерките, односно дека Владата треба да ги повика угостителите и да донесе мерки соодветни за угостителскиот сектор.

„Јас ги повикувам сите да ги најдат точките од каде што произлегува идејата за развивање на бизнисите, особено затоа што малите и средните бизниси се главен извор од каде што може да се подобри и подигне економијата. За тоа се потребни добри анализи, а не само да се чека на нас. Нека дојдат луѓе од државата, нека видат што планираме да направиме и нека ни помогнат да се развиваме. Од тоа, освен ние и државата, бенефит ќе имаат и семејствата на вработените.“ - Извадок од интервју[140]

Ефектите од мерките се незначителни во споредба со штетите што ги има почувствувано Југозападниот Регион и угостителско-туристичкиот сектор, имајќи предвид дека голем дел од нив го намалиле бројот на вработените, а оперативните трошоци им се сведени на минимум. Најголем предизвик и тешкотија за угостителите се пред сѐ неизвесните ситуации, недоволното искуство за справување со ризици од ваков тип, а и - генерално - искуството во вонредна ситуација. За дел од угостителите, ваквата состојба во која се наоѓаат не е одржлива. И покрај мерките, крајниот резултат или ефект е отпуштање на работниците и затворање на објектите.

„Искрено да ви кажам, мислам дека не знам како ќе истерам до крај. Не би сакал да ги отпуштам луѓето од работа. Ние сме малку поподготвени и доколку оваа ситуација со целосно затворање потрае повеќе од 6 месеци, тоа може да не доведе до ризик.“ - Извадок од интервју [141]

Во моментов компаниите се во „stand by“ статус. Оваа пандемија целосно ги намали и ги ограничи капацитетите. Угостителите споменуваат дека во нивното опкружување веќе можат да се забележат одредени индикатори за појава на сиромаштија.

140 Интервју бр. 10, спроведено на 14 февруари 2021 година, со сопственик на угостителски објект во Полошкиот Регион

141 Интервју бр. 11, спроведено на 21 февруари 2021 година, со сопственик на угостителски објект во Полошкиот Регион

Угостителите се скептични во врска со можноста за брзо закрепнување од штетите предизвикани од КОВИД–19 и сметаат дека тоа ќе се случи дури откако ќе заврши целосното затворање, односно по завршувањето на пандемијата. Едногласни се дека е тешко да испланираш и да спроведеш одредена инвестиција. Според нив, проценките се дека се потребни повеќе до две години за да се надоместат штетите. Со моменталниот потенцијал, нормалното работење ќе се случи по две години.

„Тешко е да испланираш, остануваме на исто. Доколку си планирал инвестиција, ќе ја одложиш. Нема што да планираме, ние сме мал бизнис, така да ќе истуркаме што и да се случи. Меѓутоа, генерално, како сектор трпиме многу загуби. Со овој потенцијал што го имаме, ќе ни требаат најмалку 2 години за да се вратиме во нормално работење.“ - Извадок од интервју[142]

Според нив, и мерките односно помошта што ја нуди државата не е одржлива. Нормализацијата на животот директно ќе влијае врз работата на угостителите. Но, немаат сите оптимистичен поглед. Дел од нив (5) се песимисти во поглед на нормализацијата на состојбите. Оние оптимистичните (4) веруваат во процесот на вакцинација. Голема разочараност и песимизам се забележува и кај угостителите во Југозападниот Регион, а пред сè за одредени апсурдни состојби со кои се соочиле, кога станува збор за економските мерки на Владата.

„Не може тој мене да ми бара да го платам данокот на добивка (ланскиот), па да добијам кредит. Па данокот на добивка лани и годинава се два различни поима. Значи, годинава сме во минус. Како да го платам ланскиот данок на добивка? Ланскиот данок на добивка е поголем од кредитот што го барам.“ - Извадок од интервју[143]

Различни се размислувањата на угостителите за тоа кога ќе заврши пандемијата со коронавирусот и враќањето на животот во нормала. Едни (4) сметаат дека тоа ќе биде периодично, со зголемување на бројот на инфицираните лица и нивно намалување во текот на летниот период. Други сметаат (4) дека вакцините се решение за оваа состојба, па според нив доколку во земјата, но и во околните соседни земји, процесот на вакцинирање се одвива со утврдена диманика и со опфат на што поголем број лица, туризмот ќе ја добие потребната ревитализација и стабилност. Дел (2) се скептични и

142 Интервју бр. 12, спроведено на 24 февруари 2021 година, со сопственик на угостителски објект во Полошкиот регион

143 Интервју бр. 4, спроведено на 14 февруари 2021 година, со сопственик на угостителски објект во Југозападниот Регион

сметаат дека ќе мора да се научиме да живееме со вирусот и веруваат дека рестрикциите ќе продолжат и во наредниот период.

„Вакцината колку толку ќе дејствува. Моја претпоставка е дека затворањето во Европа е поради ефектот на вакцината, а не поради некои нови вируси. Тоа може да се случи и кај нас, кога ќе помине вакцинацијата. А потоа не верувам дека ќе има некаков проблем.“ - Извадок од интервју[144]

За угостителите е многу важно да се почитуваат здравствените протоколи, односно социјалната дистанца, дезинфекцијата и слично, а не ограничувањето да седат четворица на една маса. Немерливо влијание има и менувањето на работното време, што истовремено претставува голем ризик, а во таа смисла и трошок за угостителите. Угостителите од Југозападниот Регион гледаат надеж само во гостите странци и, евентуално, во вакцинацијата на населението. Бројот на странски туристи во Охрид изминатите неколку години бележи зголемување. Културата на странските државјани е поразлична од онаа на домашните туристи. Она што е потребно, според нив, е да се испланира соодветен раст и развој, а во таа смисла и поддршка за развивање на малите и средните претпријатија.

Изготвувањето соодветна и добра анализа за потребите на секторот и за можностите за развој, како и утврдувањето на ризиците, е почетна основа за планирање и на тој начин ќе се обезбеди сигурен, стабилен и умерен развој на овој сектор, преку препознавање и управување со ризиците.

Најголем проблем со кој се соочуваат компаниите е ликвидноста и неизвесноста од тоа што ќе следува во претстојната сезона. За нив најголем предизвик ќе биде каков ќе биде периодот и сезоната што следува, односно дали воопшто ќе има одредени подобрувања и враќање во „нормала“.

„Нема иднина дури не ги пуштат границите. За Охрид се решение само странците, кои ќе дојдат ако бидат пуштени границите. Сè дури не влезе странски државјанин да потроши пари, ништо не правиме. Македонскиот народ е исцрпен. Охриѓани немаат култура за одење во ресторани. Ние живееме од луѓето кои доаѓаат однадвор.“ - Извадок од интервју[145]

„Ако поминете низ охридската чаршија, ќе забележите колку луѓе почнаа да питаат низ Охрид. Во Охрид досега не сме имале питач.“ Извадок од интервју[146]

144 Интервју бр. 12, спроведено на 24 февруари 2021 година, со сопственик на угостителски објект во Полошкиот Регион

145 Интервју бр. 4, спроведено на 14 февруари 2021 година, со сопственик на угостителски објект во Југозападниот Регион

146 Интервју бр. 5, спроведено на 16 февруари 2021 година, со сопственик на угостителски објект во Југозападниот Регион

9 ЗАВРШНИ СОГЛЕДУВАЊА

Од претставените податоци добиени преку државните институции, достапните извештаи, како и квалитативните податоци собрани преку длабински интервјуа со угостителите во Југоисточниот, Полошкиот и во Југозападниот Регион, истражувачкиот тим ги предлага следниве заклучоци и препораки до Владата на Република Северна Македонија и до другите релевантни чинители, со цел истите да се земат предвид и да се спроведат за да се надминат идентификуваните недостатоци во иднина.

Заклучок: Владата на РСМ недоволно ги вклучила релевантните чинители во креирањето на социо-економските мерки за угостителскиот сектор, така што донесените мерки не беа доволно јасни и разбирливи за да се применат во практиката и беа донесени ненавремено.
Препорака: При креирањето на ваквите или слични мерки и активности, Владата на РСМ, во својата надлежност, да осигура поголема соработка и вклученост на сите засегнати страни.

Заклучок: Непартиципативниот процес во подготовката на мерките резултира со несоодветно креирање политики и мерки кои, делумно или воопшто, не одговараат на реалните потреби во секторот угостителство и туризам.
Препорака: Владата да задолжи компетентни лица кои ќе можат во целост да придонесат и да одговорат на потребите на дејноста.

Заклучок: Отсуството на здружување на правните субјекти од угостителско- туристичката дејност, како и нивното репрезентативно претставување пред Владата на РСМ, е недостиг кој негативно влијае на одговорот кон реалните потреби во нивната дејност.
Препорака: Пожелно е угостителско-туристичкиот сектор да обезбеди здружување кое ќе биде репрезентативно, со цел да ги застапува нивните интереси.

Заклучок: Социо-економските мерки на Владата на РСМ, особено мерката за субвенционирање на минималната плата се однесуваше на сите дејности од приватниот сектор – стопанството имаше позитивни влијанија на

угостителскиот сектор, меѓутоа без доволна јасност, навременост, разбирливост и прецизност во однос на искористувањето на мерката.
Препорака: Социо-економските мерки од Владата на РСМ да бидат објавувани навремено, да бидат јасни, прецизни и да бидат насочени кон дејностите на кои се однесуваат, без чести промени и брзи интервенции, особено кога станува збор за временските ограничувања за работата на угостителите, кои директно влијаеја на нивната работа.

Заклучок: Водењето евиденции и прибирањето податоци за ефектите од социо- економските мерки од страна на надлежните институции се анализираат по различни методологии и истите не се прибираат на централно ниво.
Препорака: Потребно е унифицирање, односно обезбедување интегриран електронски систем кој ќе биде во функција на креирање на политиката и давање соодветен одговор за тоа каков е нејзиниот ефект во практика.

Заклучок: Од анализираните мерки е очигледно дека мерката за субвенционирање на минималната плата и ваучерите за туризам, и покрај злоупотребите, генерално имаа позитивен ефект. Истото се однесува и на мерката бескаматни кредити, меѓутоа овие мерки за корисниците од туристичко-угостителскиот сектор не се одржливи на долг рок.
Препорака: Изнаоѓање навремени, сеопфатни и соодветни решенија за оваа дејност (потенцијално решение е вакцинацијата на населението), кои ќе овозможат колективен имунитет и ќе ги отворат границите за патувања.

Заклучок: Социо-економскиот опстанок на компаниите од туристичко-угостителскиот сектор, се одржува преку рамнотежата меѓу побарувачката и понудата на пазарот на трудот.
Препорака: Потребно е приспособување на социо-економските мерки, но и условите за нивно користење, особено во делот на времетраењето на помошта, висината на кредитите кои треба да постигнат ликвидност кај компаниите, ослободувањето од давачки, како придонеси и други оптоварувања, кои нема како да бидат покриени без економска активност.

Заклучок: Идентификувана е нужна потреба за неселективно следење и оценка на економската работа на угостителите од страна на државните органи, како еден од клучните заклучоци кои треба да ги примени Владата на РСМ.
Препорака: Да се обезбедат соодветни и професионални државни службеници кои професионално, одговорно и квалитетно ќе ги извршуваат своите обврски, во интерес на државата и на бизнисот, а доколку се постапува

селективно, да се изречат сите соодветни мерки.

Заклучок: Неизбежно е потребна целосна и сеопфатна анализа на ефектите на секоја социо-економска мерка одделно.
Препорака: Да се изготви сеопфатна анализа на ефектите на социо-економските мерки да се согледаат влијанијата на мерките, за да може понатаму да се креира политиката на национално ниво, во вакви и во слични состојби.

Заклучок: Евидентно е дека социо-економските мерки го обезбедија социјалниот мир во државата, но тоа е неодржливо на краток и на среден рок.
Препорака: Треба да се обезбеди систем за прибирање, следење и анализа на имплементацијата и на искористеноста на социо-економските мерки, со цел да се подготват одржливи и прецизни политики базирани на веродостојни податоци.

Заклучок: Воспоставувањето современи системи за социјална заштита (како гарантираната минимална помош) обезбедија социјален мир и заштита од зголемување на сиромаштијата кај оние кои ги изгубија своите работни места.
Препорака: Потребна е времена и соодветна реализација и имплементација на социо-економските политики и системи за социјална заштита кои се однесуваат директно на егзистенцијалните и на заштитните политики на граѓаните од социо-економските ризици, како невработеноста.

Заклучок: Активната улога на независните чинители (граѓански организации, национални синдикати) е значајна за да се земат предвид перспективите на работниците и на граѓаните поради објективноста, активностите преземени во интерес на граѓаните и теренските активности за остварување на правата на граѓаните.
Препорака: Да продолжи да се поддржува и да се почитува улогата на независните чинители со интензитет и придонес, со цел да се подобри социо-економската состојба и да се креираат и имплементираат политики кои ќе одговорат на потребите во практиката.